Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА
# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
# 2022-2024 година

Скопје

2022

ПРОГРАМИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА


1. ВОВЕД ..... 5
1.1. МИСИЈА ..... 6
1.2. ВИЗИЈА ..... 6
1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ..... 7
1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МТСП ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ..... 7
1.5. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ..... 9
1.6. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ..... 10
1.7. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МТСП ..... 11
1.8. НАЧЕЛА НА МТСП ..... 11
1.9. ПРОГРАМИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ..... 13
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА ..... 14
1.10.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ..... 14
1.10.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ..... 18
1.10.3. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 26
1.10.4.УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 28
1.10.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 32
1.10.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2020 ГОДИНА ..... 35
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА И ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ВТОРАТА ПОЛОВИНА ВО 2021 ГОДИНА НА МТСП ..... 38
1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ..... 38
1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ..... 43
1.11.3.ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 52
1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 54
1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 59

1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2020 ГОДИНА ........ 62
1.12.1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА – ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ........ 67
1.12. 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ........ 84
1.12.3. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА- ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 123
1.12. 4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА: УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 133
1.12. 5. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА: ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ – ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ , ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА ........ 148
1.13. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ........ **162**

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика, согласно со своите надлежности ги обединува политиките поврзани со вработувањето, работните односи, социјалната заштита, правата и заштитата на децата и нивните семејства, социјалната сигурност на пензионерите, заштита од дискриминација и сл. Министерството активно и во континуитет подготвува, предлага и имплементира мерки, активности, закони и стратегии кои се однесуваат на регулирањето на работните односи и нивно подобрување, заштита на правата и сигурноста на вработените, решавање на проблемот на невработеноста, зголемување на мотивацијата за работа наспроти негативните влијанија на социјалните давања, јакнење на капацитетите на институциите на пазарот на трудот, јакнење на ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа, функционирање на ефикасни социјални институции, обезбедување на социјална сигурност на лицата во социјален ризик, пензионерите, обезбедување на поголема еднаквост помеѓу половите и заштита од секаков вид на дискриминација и сл. Креирањето на политиките, мерките и активностите, се темелат на сеопфатни анализи, состојби и трендови, на меѓународните стандарди и позитивните искуства во Европската унија. Стратешкиот план, е документ во кој се утврдени програми, потпрограми, проекти, мерки и активности кои треба да се остварат, заради обезбедување на економска благосостојба со праведна распределба на животните можности, како и со обезбедување на избор во различни животни фази, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на Министерството за труд и социјална политика.

Очекувам имплементацијата на Стратешкиот план за периодот 2022-2024 година, со целосна и поголем посветеност на вработените, во целост да се реализира, со што ќе се придонесе за подобрување на состојбите во областа на пазарот на трудот, усогласување на законодавството со законодавството на ЕУ, социјалната сигурност, пристоен животен стандард на сите граѓани, и исполнување на условите кои се поврзани со надлежностите на Министерството за труд и социјална политика за пристапување кон Европската унија.

Скопје,
2022 година

Министер,
Јованка Тренчевска

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика (МТСП1) за периодот 2022-2024 година, претставува пишан документ, општа рамка во кој се наведени главните карактеристики на МТСП, како што се: мисија, визија, задачи и обврски на органот, специфичности на органот, организационата структура на МТСП, организационите единици и органот во состав, приоритетните цели на МТСП, кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Р.С. Македонија (во натамошниот текст РСМ), во 2022 година. Исто така, направен е осврт на постигнатите резултати за 2020 и на постигантите резултати од 2021 година. Во делот на матрицата се дефинирани основните програми, потпрограми и активности на МТСП. Стратешкото планирање, како сет од избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури, организациони, институционални и персонални односи, кои ја сочинуваат сржта на процесот.

Стратешкиот план, како основен инструмент, ги одразува приоритетите, целите и задачите на МТСП, кои се во согласност со стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ, за период на временска рамка од три години.

Овој стратешки план претставува водич на сите вработени во МТСП, во однос на исполнување на нивните задачи и обврски. Функцијата на самиот документ, имплицира потреба од анализа на програмите и потпрограмите, како и мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Консеквентно на тоа, се наметнува потреба од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на МТСП, кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ.

МТСП за фискалниот период 2022-2024 година, изготвува посебен Стратешки план за Управата за прашања на борците и воените инвалиди (УПБВИ), орган во состав на Министерството за труд и социјална политика. Стратешкиот план на овој орган, е во корелација, согласно со приоритетите и целите на Одлуката на Владата на РСМ во 2022 година и МТСП.

Реализацијата на програмите, потпрограмите и активностите кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ ќе овозможат:

- Подобрување на состојбите на пазарот на трудот, учество на социјалните партнери во креирање и имплементација на политиките и континуирана хармонизација на домашното трудово законодавството со препораките и директивите на ЕУ. Постапување и креирање на акти во доменот на прашањата на пазарот на трудот и безбедноста и здравјето при работа, со цел воспоставување на еднакви пазарни механизми за сите актери во економијата и обезбедување на заштита и безбедност на работните места на вработените;

• Имплементирање на развојна социјална сигурност, преку системите на социјалната заштита, социјалната инспекција, пензиското и инвалидското осигурување, заштитата на децата, поддршка на демографскиот развој заштита на борците и на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства, согласно со постојните прописи на РСМ, консеквентно на современите текови на живеење, која е утврдена како дејност од јавен интерес, која ја остварува државата во согласност со начелото на социјална праведност. Имено, истата се имплементира преку систем на политики, мерки и активности за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот;

• Имплементирање на еднакви можности за мажите и жените, како и заштита, превенција од секаков вид на дискриминација;

• Апсорпција на претпристапните фондови на ЕУ (ИПА ), програмите од Унијата на Заедницата, како и на следењето на заштитата на човековите права и слободи, во согласност со стандардите утврдени со Европската социјална повелба на Советот на Европа;

• Развивање на објективни, ефикасни, ефективни и усогласени стратешки документи, политики, вертикални и хоризонтални активности во органот, согласно со буџетскиот лимит, кој произлегува од Законот за буџетите, со цел да се придонесе за остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ, и

• Обезбедување на јакнење на административните и организациските капацитети во насока на спроведување на реформските процеси на јавната администрација и државните службеници, како и реформските активности кои се насочени кон постигнување на успех, подобрување на организациската ефикасност преку примена на внатрешната контрола, за обезбедување на регуларност, успешност во работењето, кое е усогласено со финансиското работење и законските прописи во државата.

## *1.1. МИСИЈА*

Креирање и имплементација на политиките на пазарот на трудот, социјалната сигурност, еднакви можности, заштита и превенција од дискриминација согласно со меѓународните стандарди и принципи.

## *1.2. ВИЗИЈА*

Обезбедување на флексигурносен пазар на трудот, проследен со проактивна инклузивна социјална сигурност, еднакви можности за граѓаните и обезбедена примена на меѓународните стандарди и принципи преку социјален дијалог.

### *1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА*

Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст:МТСП), својата мисија ја остварува преку спроведување на следниве надлежности и тоа:

• Регулирање на односите на пазарот на трудот;

• Обезбедување на проактивна инклузивна социјална сигурност и заштита на граѓаните на РСМ, која ги инкорпорира политиките за социјална заштита, социјална инспекција, пензиско и инвалидско осигурување, заштита на децата, заштита на борците, воените инвалиди и членовите на нивните семејства;

• Креирање на политики за еднакви можности, заштита и превенција од секаков вид на дискриминација;

• Водење хумана популациона политика, усогласена со економскиот и социјалниот развој;

• Развивање на административниот капацитет (финансиска служба, внатрешна ревизија, управување со човечки ресурси, ИТ и други административно - логистички функции), како и

• Развој и имплементација на ефикасни, ефективни, хоризонтално-вертикални стратешки план(ови), согласно со проектираниот буџет.

### *1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МТСП ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА*

Специфичноста на МТСП во однос на другите органи на државната управа произлегува од фактот што креира единствени политики кои се однесуваат на:

• Прашањата од областа на трудот, кои ги опфаќаат работните односи, вработувањето, пазарот на трудот, активните политики за вработување, материјалното обезбедување на привремено невработените; системот на плати; колективните договори, социјалниот дијалог, безбедноста и здравјето на вработените, еднаквоста и рамноправноста меѓу половите. Политиките од наведените прашања се креираат и имплементираат во соработка со: Агенцијата за вработување на РСМ; асоцијациите на работници и на работодавачи; Државниот инспекторат за труд, Државниот завод за статистика на РСМ; Фондот на ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување; меѓународните организации- УНДП; МОТ; УСАИД; Светската банка; Европската делегација, Секретаријатот за европски прашања; и др.

Правата на осигурениците на пензиското и инвалидското осигурување и на корисниците на пензиски бенефиции, се остваруваат во соработка со ФПИОСМ, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и здруженијата на пензионери;

• Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за водење на рамномерна популациона политика. Дејноста е од јавен интерес, се остварува преку обезбедување на определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование и партиципација), средства и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на децата и други облици за заштита на децата), преку установи за деца (јавни и приватни детски градинки и детски одморалишта и преку вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од правни и физички лица);

• Социјалната заштита се остварува низ развој и унапредување на системот за обезбедување на социјална сигурност на социјално и материјално загрозени лица; на лицата со попреченост, цивилните инвалиди, баратели на азил и бегалци; ги покрива проблемите од правна природа во бракот, семејството и вонбрачните заедници, односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето; креира и развива проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, а со тоа посредно се зголемуваат нивните можности за активно учество на пазарот на трудот, подобрување на општата добросостојба, со крајна цел, намалување на сиромаштијата; ги усогласува законските норми со актуелните социо-економски услови, во соработка со органите на државната управа; јавните установи (меѓу општинските центри за социјална работа, установите за социјална заштита; Заводот за социјални дејности), ЕУ и УН Агенции; УНДП; и други меѓународни институции;

• Активности на Управата за прашања на борците и воените инвалиди (во натамошниот текст: Управа), орган во состав на МТСП, се насочени кон обезбедување и остварување на правата на борците, воените инвалиди, на припадниците на безбедносните сили на РМ, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци, уредени со посебните прописи од областа на боречко инвалидската заштита. За потребите на овој орган на Управа, во состав на МТСП, се изготвува засебен стратешки план.

Административниот капацитет од кој зависи успешното функционирање на МТСП, опфаќа внатрешни функции од заеднички интерес за целото Министерство (стратешко планирање, финансиски прашања, правни, нормативни, општи и заеднички прашања, човечки ресурси и внатрешна ревизија), кои се развиваат низ соработка со Агенцијата за администрација; Агенцијата за вработување на РСМ; Јавното правобранителство; Народниот правобранител; судовите; Државниот завод за ревизија; органите на управата; јавните установи; физичките и правните лица итн.;

• Координација и развој на демографски политики од Стратегијата за демографски политики на РСМ.

### *1.5. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА*

МТСП согласно со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, организациски е поделено на:

• 16 сектори

• 51 одделение

• Проектна единица за спроведување на Оперативната програма "Развој на човечките ресурси".

Во органот во состав, како организационен облик постои сектор со две одделенија.

Сектори во состав на МТСП се:

- Сектор за внатрешна ревизија (составен од 2 одделенија) и
- Сектор за управување со човечки ресурси (составен од 2 одделенија) .
- Сектор за стратешко планирање (составен од 2 одделенија)
- Сектор за финансиски прашања (составен од 4 одделенија);
- Сектор за правни, и нормативни, општи и заеднички работи (составен од 6 одделенија);
- Сектор за координација и техничка помош на министерот (составен од 4 одделенија);
- Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка (составен од 4 одделенија);
- Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување (составен од 4 одделенија);
- Сектор за прекршоци од областа на работните односи и областа на безбедност и здравје при работа (составен од 2 одделенија)
- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување (составен од 3 одделенија);
- Сектор за еднакви можности (составен од 2 одделенија);
- Сектор за социјална заштита (составен од 6 одделенија) ;
- Сектор за децентрализација и развој на услуги од социјална заштита на локално ниво (составен од 2 одделенија);

- Сектор за заштита на деца (составен од 2 одделенија);
- Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата (составен од 4 одделенија);
- Сектор за боречка и инвалидска заштита (Управа за прашање на борците и воените инвалиди), ( 2 одделенија);

• Државен советник за стратешко планирање и меѓуресорска координација на проекти за реформи за јавната администрација;

• Државен советник за Креирање и развој на политики од област на Финансиски работи

• Државен советник за правни работи;

• Државен советник за координација и развој на демографски политики ;

• Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка;

• Државен советник за креирање и развој на политики од областа на трудовото право и политики за вработување;

• Државен советник за креирање и развој на прекршочни политики од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

• Државен советник за креирање и развој на политики од областа на пензиското и инвалидското осигурување;

• Државен советник за креирање и развој на политики од областа на социјалната заштита ( 2 извршители);

• Државен советник за креирање и развојна политики од областа на еднакви можности ( 2 извршители);

• Државен советник за креирање и развој на политики од областа на заштита на децата ( 2 извршители);

• Државен советник за развој и унапредување на инспекциските политики во социјалната заштита;

### *1.6. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ*

Согласно со Законот за организација на органите на државната управа, во состав на МТСП е органот за:

• Управата за прашања на борците и воените инвалиди, составен од еден сектор со 2 одделенија. За овој орган во состав на МТСП, за прв пат за фискалниот период 2014-2016 година, се пристапи кон изготвување на посебен стратешки план.

### *1.7. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МТСП*

Како државен орган со изградена хиерархиска организација, дисциплина, висока култура, транспарентност, свест и традиција, ги негува и надградува следниве принципи и вредности:

1. Ефикасно, ефективно креирање и имплементација на политиките од доменот на социјалната сигурност, согласно со основните меѓународни принципи и стандарди, пазарот на трудот, правата на работниците, социјалниот дијалог, еднаквите можности во интерес на сите граѓани во општеството итн.;

2. Стручност, компетентност и резултати од работата, ќе претставува единствен услов за градење на кариера во доменот на МТСП;

3. Техничко – технолошка опременост за подобра, навремена и целосна имплементација на политиките во МТСП и организационите облици (институции), кои се во надлежност на овој орган на државна управа;

4. Одговорност и мотивираност на вработените за постигнување на подобри резултати во работењето;

5. Адекватно и реално планирање, развој и едукација на човечките ресурси;

6. Негување и почитување на соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите етнички заедници во Република Македонија;

7. Обезбедување на адекватни и соодветни услуги, согласно со надлежностите на МТСП, како сервис на граѓаните;

8. Бескомпромисна борба против корупцијата и сите облици на организиран криминал во доменот на МТСП и институциите кои се во негова надлежност;

9. Унапредување на меѓу секторската, меѓу институционалната, регионалната и меѓународната соработка за креирање, имплементација и следење на политиките и активностите на МТСП и институциите кои се во негова надлежност;

11. Изградена структурирана хиерархија, етика и дисциплина за вработените во МТСП и институциите кои се во негова надлежност.

### *1.8. НАЧЕЛА НА МТСП*

МТСП заедно со органот во состав и институциите од соодветните области, во своето работење ги има во предвид и се раководи од следниве начела:

• Владеење на правото подеднакво за сите, преку неселективна примена и спроведување на законите, на објективен начин без разлика на расна, национална, политичка, верска или полова припадност и независно од социјалниот статус на граѓанинот;

• Ефикасност, која претставува способност за идентификување и подобрување на социо-економската сигурност на граѓаните, подобрување на состојбите на пазарот на трудот, преку преземање на навремени и проактивни мерки, со цел за нивно брзо надминување и ублажување, без несакани поголеми последици по сигурноста, стандардот на поединецот, групата и заедницата во општеството;

• Надзор над примената на законите во трудовото законодавство, социјалната сигурност, пазарот на трудот и еднаквите можности за сите во општеството;

• Заштита на човековите слободи и права, заради примена и гаранција во остварување на фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот, кои се гарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија, како и со меѓународни документи;

• Проактивност, заради спречување на можните ризици, постојана надградба и развој на политиките во доменот на социјалната политика и односите на пазарот на трудот, со цел да се подобри социјалната сигурност за потребите на граѓаните во Република Северна Македонија;

• Сеопфатна вертикална и хоризонтална поврзаност, преку заедничко делување на сите чинители во државата, преку имплементација на сите законски расположливи политики, мерки и активности;

• Професионалност, која подразбира висок степен на стручност и компетентност на човечките ресурси за извршување на работите во доменот на МТСП, органите во состав и институциите кои се во негова надлежност;

• Транспарентност, што подразбира отвореност во работата, достапност на информациите, соработка со граѓанскиот сектор и компетентни институции (актери во процесите), меѓународни органи и институции, со цел да се креираат и имплементираат партиципативни политики, мерки и активности, кои се одраз на потребите на сите граѓани, кои се во надлежност на органите во состав и институциите на МТСП;

• Кооперативност, заради вертикална и хоризонтална соработка на сите актери кои се задолжени за подготовка и имплементација на законските, подзаконските акти, стратешките документи и следење на меѓународните текови и состојби;

• Тимска работа и солидарност, што подразбира свест за потребата од заедничко дејствување, преземање на заеднички обврски и заемна одговорност на сите вработени за политиките кои се креираат и имплементираат во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МТСП;

• Работна дисциплина, што подразбира навика за почитување на структурната хиерархиска поставеност и одговорно однесување кон работните задачи;

• Висок морал, што подразбира збир на морални вредности, принципи и правила, пропишани во Етичкиот кодекс на државната администрација и Правилата за однесување на државните и јавните службеници во согласност со важечките законски и подзаконски прописи;

• Континуиран развој, што подразбира постојана посветеноста на политиките, мерките и активностите што водат кон напредок во овој домен и

• Отчетност, што подразбира транспарентен однос во трошење на буџетските средства и одговорност за извршените услуги и задачи во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МТСП.

### *1.9. ПРОГРАМИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА*

МТСП за следниот тригодишен период ги постави следните програми и среднорочни цели, согласно со стратешките приоритети и целите кои произлегуваат од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2022 година, како што се:

1) Програмата: ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
2) Програмата: СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
3) Програмата: ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА
4) Програмата: УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
5) Програмата: ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ- ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

**Приоритетни цели се:**

Дефинирани врз основа на: потребите на главните корисници на услугите; анализата на внатрешното и надворешното опкружување; актуелната социо - економска состојба; извештаите на меѓународните организации; Извештајот на Европската унија за напредокот на РСМ; Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) во областите за слободно движење на работници, труд и вработување, социјалниот дијалог, пензиско и инвалидско осигурување, социјална заштита, социјална инклузија, антидискриминација, еднаков третман на жените и мажите, со цел исполнување на обврските за побрза интеграција на РСМ во ЕУ;

обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација; обврските произлезени од Партнерството за пристапување; обврските произлезени од меѓународни договори и др. Истите подетално се дефинирани во матрицата на Стратешкиот план на МТСП за фискален период 2022-2024 година во точка 1.12.1 по одделни програми.

## *1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020ГОДИНА*

### 1.10.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Оваа програма е составена од четири потпрограми и тоа :**

- Политики за вработување;
- Трудово право;
- Социјален дијалог и
- Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

Во 2020 година, претставено по потпрограми, се реализирани следниве активности , и тоа:

**I. Политики за вработување**

**Реализирани активности во 2020 година**

Во текот на оваа - 2020 година се продолжи со имплементацијата на мерките и програмите за поддршка на пазарот на трудот и вработувањето, во согласност со Оперативниот план на програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија, во декември 2019 година.

Во јуни 2020 година се подготвија измени на Оперативниот план за 2020 година, со кои се изврши прераспределба на средствата помеѓу различни активни програми и мерки за вработување и се зголеми планираниот опфат на невработени лица, пред сѐ во рамки на програмите за „Самовработување со грант“ (зголемување на опфат на нови 126 бизниси), „Субвенционирање на плати“ (со вклучување на 438 дополнителни субвенции) и „Вработување и раст на правни субјекти“ (опфат на нови 228 вработувања).

На предлог на Агенцијата за вработување на РСМ, во септември 2020 година се направи дополнително ревидирање на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, со што планираниот опфат на корисници во мерката „Субвенционирање на плати“ од 1,624 лица, поради постоење на голем интерес, се зголеми на 1,974 лица, а средствата наместо 361,288,000, се зголемија на 441,088,000 денари.

Во рамки на Министерството се подготви и пакет на мерки поддржан од ЕУ (акција „ЕУ за социјална и економска отпорност“, од ИПА програмата за 2020 година). Во рамките на овој пакет се предвидува поддршка на активните програми за вработување, во износ од 10 милиони евра, т.е. поддршка на две активни мерки на пазарот на трудот со кои се олеснува закрепнувањето од кризата предизвикана од Covid-19 и се ублажува негативниот ефект врз невработеноста, преку отворање на нови работни места. Во ревидираниот Оперативен план за програми и мерки за вработување, со поддршка во рамки на оваа Програма се вклучи реализација на следниве две активни мерки:

- Поддршка за самовработување (претприемништво) и формализација на постојни бизниси во услови на COVID-19, со која се овозможува отворање нови 500 бизниси преку самовработување, со грант од 5,000 евра. Вкупниот буџет на мерката е во износ од 161,630,000 денари и се предвидува со ИПА буџетската поддршка, до март 2021 година да се реализираат вкупно 500 самовработувања.
- Вработување и раст на правни субјекти кои создаваат нови работни места во услови на Covid-19. Со оваа мерка се овозможува поддршка на микро, мали и средни претпријатија при што се предвидува да се поддржи отворање на нови работни места во претпријатијата преку финансиска поддршка за секое ново-отворено работно место во износ од 260,000 денари. Во рамките на Оперативниот план за 2020 година планирано е да се подржат отворање на нови 600 работни места за кои е обезбеден буџет од 156,000,000 денари.

Во 2020 година, продолжи и имплементацијата на Програмата за „Гаранција за млади“, која се спроведува на територијата на целата држава и согласно подготвениот План за Гаранција за млади 2020-2022 година.

Подготвена е Информација за имплементацијата на Акцискиот план за вработување 2018-2020 година кој е оперативен документ на Стратегијата за вработување 2016-2020 година, како и Информација за имплементација на Акцискиот план за формализација на неформалната работа 2018-2020 година и се направи негова ревизија (во август 2020).

Во тек е имплементација на ИПА проектот за „Подобрување на условите за работа“ кој се финансира преку ИПА II и започна со имплементација во ноември 2019 год., со времетраење од 24 месеци.

Се продолжи и со имплементација на Работниот план за 2018 -2021 година за имплементација на моделот за „Преглед на занимања“ (*occupational outlook*), при што изготвени се и прикачени на web-страната (www.zanimanja.mk) се вкупно 45 занимања.

## II. Трудово право

**Реализирани активности во 2020 година**

Се подготви и усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија, Уредба со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, која се однесуваше на продолжување на роковите за пријавување на невработените лица, а подоцна и Уредба со која претходната Уредба беше дополнета, со цел невработените лица да можат да остварат право на паричен надоместок во траење од два месеци, без оглед на траењето на последниот работен однос, под услов работниот однос да престанал во периодот од 11 март до 30 април 2020 год., со спогодбен отказ со писмена изјава од страна на работникот или со отказ од страна на работодавачот.

Понатаму, се подготви и усвои Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба, како и нејзино дополнување, со кои се дејствуваше во насока на олеснување на работодавачите во однос на деловното работење преку планирање и завршување на годишниот одмор од претходната година и првиот дел на годишниот одмор од 2020 година најдоцна до 30.6.2020 год.; продолжување на породилното отсуство коешто требало да заврши по објавувањето на вонредната состојба, на сметка на државата се понуди можност за повторно вработување на работниците отпуштени за време на вонредната состојба, со целосна исплата наназад на обврските коишто произлегуваа од договорот за вработување, врз основа на договор помеѓу работникот и работодавачот.

Дополнително, беше подготвена и Уредба со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, во износ од 50% за периодот април-јуни 2020 година, за секој осигурен работник вработен кај работодавачот што ги исполнува утврдените критериуми. Целта на ваквото решение беше да се обезбеди помош на економски погодените компании и да спречи отпуштање на работници за време на кризата.
Се донесе и Уредба со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба, со која минималната нето плата утврдена за месец март 2020, продолжи да се применува и за април, мај и јуни 2020 година.

Во текот на годината се подготви нацрт предлог по однос на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија. Целта на стратегијата предвидува мерки и активности кои се групирани во четири стратешки приоритети: 1) Креирање на култура на социјално претприемаштво; 2) Развој на капацитетите на социјалните претпријатија и на актерите во еко-системот; 3) Развој на пазари за социјалните претпријатија и 4) Градење на финансиски еко-систем за социјалните претпријатија.

Во соработка со невладиниот сектор и останати надлежни органи и институции подготвена е анализа за потребата за изменување и дополнување на Законот за волонтерство во Република Северна Македонија.

Советот за БЗР усвои сет на Препораки до компаниите во однос на законските обврски за БЗР, во услови на вонредна состојба и неопходноста од спроведување на мерки и активности за заштита и превенција од ширење на коронавирусот.

Министерството учествуваше во спроведувањето на постапката за доделувањето на годишната Награда за компании со најдобра пракса во областа на БЗР. Постапката се состоеше од доделувањето на наградите на трите најдобро пласирани компании од страна на министерката за труд и социјална политика, за време на одбележувањето на „Европската недела за БЗР“ - на 20 октомври 2020 година.

МТСП го подготви Извештајот за реализирани активности и остварени резултати до крајот на 2019 година согласно Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020. Овој Извештај беше поднесен до членовите на Советот за БЗР и беше разгледан и усвоен на Седницата на Советот за БЗР која се одржа во јули 2020 година.

Во јуни 2020 год, подготвени и објавени се два нови правилници кои произлегуваат од Законот за БЗР о тоа Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог (Сл.в. 173/2020 од 29.6.2020) и Правилник за начинот на водење на евиденција за изречените опомени (Сл.в. 174/2020 од 30.6.2020).

## III.Социјален дијалог

### Реализирани активности во 2020 година

Во текот на 2020 година, Комисијата за утврдување на репрезентативност одржа 3 седници и донесе 13 решенија за утврдување на репрезентативност на здружение на работодавачи.

Економско-социјалниот совет (ЕСС) одржа 7 седници во текот на оваа година на кои е разгледан еден Закон од економско-социјалната област. На седниците на ЕСС, исто така, усвоен е Трипартитен акциски план за ЕСС за периодот 2020-2021, донесена и усвоена е Годишната програма за работа на ЕСС за 2020 година и избрана е држава со модел на трипартитен совет приближен на националниот ЕСС за студиска посета, како дел од активноста за дефинирање на модел за самоодржливост на ЕСС. Во истиот период во рамки на проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ спроведуван од МОТ и финансиран од ЕУ (кој се имплементира од јануари 2019 до јули 2023 година), склучени се 4 Локални пактови за вработување во четири општини: Битола, Свети Николе, Велес и Куманово. Спроведена е и обука за зајакнување на капацитетите на членовите на Економско социјалниот совет и неговите постојани комисии, во која беа вклучени и обучени 17 лица.

## IV. Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа

Реализирани активности во 2020 година

- Поведување на прекршочна постапка од овластен подносител 41 барање;
- Дополнувања на 6 прекршочни барања;
- До сторител на прекршок за произнесување по однос на сторениот прекршок 17 известувања;
- Со прекршочна глоба донесени 9 решенија;
- Донесени 3 решенија за ненадлежност и
- Предадени за извршување пред Управата за јавни приходи 14 предмети.

## 1.10.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

Оваа програма е составена од следниве потпрограми:

- Социјална заштита;
- Инспекциски надзор над остварувањето на материјалните социјалните права и услуги од социјална заштита;
- Пензиско и инвалидско осигурување;
- Заштита на децата и
- Поддршка на развојот на Ромите

Во 2020 година, претставено по потпрограми, се реализирани следниве активности во доменот на социјалната сигурност, и тоа во:

### I. Социјална заштита

Реализирани активности во 2020 година

Влада на седницата одржана на 24 април 2020 година, донесе Уредба со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба, со кој документ пристапот до правото на гарантирана минимална помош за лицата на кои им престанал работниот однос во време на пандемијата се олеснува сметано од април до декември 2020 година.

Паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството се обезбедува континуирано на месечна основа во текот на 2020 година.

Со олеснетиот пристап до правото на ГМП согласно динамиката на поднесени барања и траењето на пандемијата во наредниот период, се очекува до крајот на 2020 година да бидат опфатени околу 3.500 нови домаќинства, а кои ќе продолжат со користење на правото и во 2021 година, додека во 2021 година со ова право да се стекнат нови 6.500 домаќинства ( вкупно 10.000 домаќинства). Проценка на фискални импликации до крајот на 2020 и за 2021 е 713.000.000 денари, за опфат на домаќинства на кои ќе им престане работниот однос за време на пандемијата од Covid 19.
Вкупниот буџет на грантот изнесува 4,1 милион евра од кои 3 милиони евра се контрибуција од ИПА/ЕУ (или 71%), а 1,1 милион евра (29%) се национално кофинансирање.

Донесена е Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/19), врз основа на кој акт заменикот на министерот за труд и социјална политика донесе Одлука бр.10-1319/2 од 11.6.2020 година за утврдување на цените на социјални услуги во домот, за дневен престој и за вон-семејна заштит за 2020 година

Врз основа објавен јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги. Комисијата за доделување средства спроведе постапка и изготви мислење, врз основа на кое министерот за труд и социјална полтика донесе решение за доделување на средства и склучи управни договори за 2020 година со:

- Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прокурзори ТЕРАПЕВТСКА ЗАЕДНИЦА - ПОКРОВ с. Баница Струмица за давање на социјална услуга сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности, со капацитет за 30 лица.
-Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА НЕГОТИНО-Неготино, со седиште на ул. “Киро Крстев” бр.15 Неготино за давање на социјална услуга живеење со поддршка за 87 корисници.
- Црвен крст на Република Северна Македонија за давање на социјална услуга лична асистенција.
- Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА Куманово за давање на социјална услуга лична асистенција.

Развојот на социјалните услуги ќе се финансира преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги“, обезбеден преку заем од Светската банка, но и преку проекти финансирани од ЕУ. Во врска со активностите за развој на социјални услуги во локалните заедници, Министерството за труд и социјална политика е во процес на доделување на финансиска поддршка за воспоставување на нови сервиси во 24 општини.

Протоколот за работа на Дневните центри за лица/деца со попреченост за време на пандемијата од Ковид 19 е донесен(„Сл.весник на РСМ бр.208 од 26.08.2020 година), така што овие центри за дневен престој на корисници продолжија со работа од 13.10.2020.

- Донесен Протокол за превенција и контрола на КОВИД-19 во групни домови.
- Доннесен Протокол за превенција и контрола на КОВИД-19 за услугата привремен престој.

Донесена е Програма за остварување на социјалната заштита за 2020, со која се утврдуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.
Донесена е Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година.

Донесена е Програма за рефундирање на средства платени како увозни давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2020 година

Во делот на деинституционилазацијата особен напредок е постигнат во преселувањето на децата од социјалните институции за долгорочно сместување во услуги во заедницата односно групни домови. Во 2020 година бројот на сместени деца во услуги во заедницата изнесува 256.

До 2020 година воспоставени се вкупно 20 нови групни домови за деца ширум земјата: Скопје (12), Битола (5), Неготино (2) и Штип (1), во кои во септември 2020 година се обезбедува 24 часовна грижа за вкупно 87 деца, вклучувајќи 15 деца со попреченост. Вработените во групните домови, од кои дел беа претходно вработени во резиденцијалните институции, а дел се нововработени, добија соодветна обука за новиот начин на работа, како еден важен предуслов да не ја пренесат „институционалната култура“ во групните домови во заедницата.

Повеќе од 60 деца – поранешни корисници на институциите беа сместени во згрижувачки или посвоителски семејства.

Донесени подзаконски акти:

- Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, за рехабилитација, реинтеграција, ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација (150/20);
- Правилник за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во еднозгрижувачко семејство, стандардите за давање на услугата за грижување, нормативите и стандардите за

вршење на дејноста на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, за простор, средства, кадри и начинот на водење на евиденција и потребната документација за згрижувачки семејства (288/20) и

- Правилник за начинот за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници, формата и содржината на образецот на лиценцата за работа (79/20).

## II. Инспекциски надзор на примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата

### Реализирани активности во 2020 година

Сметано од 01.01.2020 година, а заклучно со 30.09.2020 година согласно Програмата за работа на инспекциската служба извршени се вкупно 67 редовни инспекциски надзори и тоа во 30 субјекти на надзор (ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа, Здруженија кои даваат социјални услуги за вонинституционална заштита и право на прифаќање во дневни центри, ЈОУ детски градинки и ПУ детски градинки).

Во извештајниот период спроведени се 83 контролни инспекциски надзори во 29 субјекти на надзор за социјална заштита и заштита на децата.

Во текот на наведениот временски период спроведени се 70 вонредни инспекциски надзори по поднесени иницијативи од граѓани, службена должност и други надлежни органи и тоа во 25 субјекти на надзор.

При спроведените редовни, контролни и вонредни надзори инспекторите констатирале вкупно 344 неправилности и имаат изречено 275 мерки со рокови за нивно отстранување. Имено, спроведени се 106 едукации за стручните работници во 30 ЈУ МЦСР во 2 ПУ и 15 ЈУ детски градинки и 8 ПУ детски градинки .

При извршените контролни инспекциски надзори констатирано е кај 6 субјекти дека не се спроведени 10 изречени мерки . Во 24 субјекти во кои е извршен контролен надзор постапено е по изречени мерки.

## III. Пензиско и инвалидско осигурување

### Реализирани активности во 2020 година

Во текот на првото полугодие на 2020 година спроведени се активности во насока на имплементација на одредбите од Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“

бр. 31/2020 од 10.02.2020 година. Дополнувањата на законот за пензиското и инвалидското осигурување имаа цел обезбедување на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните, односно осигурениците кои биле во редовен работен однос, односно на работа врз основа на која биле пријавени за задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не им е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, на начин што на истите им се даде законска можност да можат самите за себе да извршат плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и да остварат право од пензиското и инвалидското осигурување.

Со законските измени дадена е:

- Законска можност на граѓаните, односно осигирениците кои биле во редовен работен однос, односно на работа врз основа на која биле пријавени за задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не им е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, да можат самите за себе да извршат плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и врз основа на тоа да остварат право од пензиското и инвалидското осигурување.

- Врз основа на Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/20208 од 10.02.2020 година, беше донесен и подзаконски акт, односно Правилник за формата и содржината на барањето за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од осигуреникот кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонесот не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Овој Правилник беше објавен во „Сл.весник на РСМ“ бр. 67/20 од 17.03.2020 година и со него беше пропишана формата и содржината на барањето за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од осигуреникот кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонесот не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Донесен и Правилник за листата на професионалните болести, кој беше објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 118/20 од 07.05.2020 година. Со наведениот Правилник, беше утврдена листата на професионалните болести што се сметаат како професионални болести и условите и критериумите за признавање на професионалните болести. Овој Правилник за листата на професионални болести („Службен весник на РСМ“ бр. 118/20 од 07.05.2020 година) беше донесен по барање од Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, а со оглед на ризикот од инфекција на здравствените работници и лицата вработени во здравствените установи кои се директно изложени на опасност од Коронавирусот COVID -19 поради процесот и условите за работа на истите. Согласно наведеното, во точка 408 се уредени се условите и критериумите за инфективни заболувања

предизвикани од Коронавирусот COVID -19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција.

## Донесени се следниве уредби со законска сила за време на траење на вонрредната сосгојба и тоа:

-Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.94/20);

-Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување за време на вондредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.94/20);

-Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за врабоување на инвалидни лица за време на вондредна состојба. („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.94/20) и

-Уредба со законска сила за примена на одредбите од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување за време на вонредна состојба. („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.94/20).

Донесувањето на овие уредби е со цел продолжување на роковите за поднесување на барање за остварување на правата кои произлегуваат од Законот за пензискто и иванлидското осгирување, Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување Законот за задолжителното капитално финасирано осигурување и Законот за вработување на инвалидни лица. Се продолжуваат роковите за постапување на инсититуциите при остварување на правата од пензиското и инвалидскто осигурување ,а се со цел олеснување на пристапот до остварување, односно користење на овие права, во услови на секојдневно заострување на мерките на Владата за спречување на ширењето на вирусот во државата (КОВИД-19), што го ограничува нормалното движење на граѓаните и функционирање на реалниот сектор

Во текот на второто полугодие на 2020 година спроведени се активности во насока на усогласување на одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15,193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20). Со Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кој беше објавен во „Сл. Весник на РСМ“ бр. 267/20 од 09.11.2020 година се создадени услови за целосна имплементација на член 147-а од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, според кој, активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата остварува право на стаж на осигурување со зголемено траење, согласно со закон.

IV. Заштита на децата

Реализирани активности во 2020 година

Правилник изменување и дополнување на правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинствотот и семејството за правата на детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование (Сл.весник на РСМ, бр.234/20).

Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата (Сл.весник на РСМ, бр.234/20).

Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца (Сл.весник на РСМ, бр.234/20) и

Закон за дополнување на Законот за заштита на децата ( изготвен и доставен до Влада на РСМ)

**Програми, уредби и процедури**

- Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба (Сл. весник на РСМ бр. 88/20)
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на децата (Сл. весник на РСМ бр. 103/20)
- Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2021 година. (Сл. весник на РСМ бр. 243/20)
- Одлука за начинот на наплата на износот за „ДЕТСКА НЕДЕЛА" во времето од 5 до 11.10.2020 година" (Сл. весник на РСМ бр. 293/20)

**Детски градинки**

До 31.10. 2020 година дадени се решенија за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на јавни установи за деца, објекти во состав, центри за ран детски развој, групи во други просторни услови и приватни детски градинки и тоа за:

**Објекти во состав на ЈОУДГ**

- 3 Објекти со капацитет за 187 деца.
- 2 Објекта за промени на просторни услови со капацитет за 93 деца и
- 2 приватни детски градинки со капацитет за 76 деца.

**Проекти**

Одржани 33 он- лине обуки и опфатени 600 воспитувачи согласно Програмата за колегијална поддршка во предучилишните установи за подобрување на квалитетот на вработените во установите за деца.

Се реализираше проект за зимување на деца од социјалан ризик, беа опфатени се 397 од предвидени 1000 деца.

Протокол- Оперативен план за активности во установите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната состојба усвоен од страна на ВРСМ на 29.05.2020 година.

**V. Поддршка на развојот на Ромите**

**Реализирани активности во 2020 година**

Проектот Инклузија на деца Роми во предучилишното образование 2019/2020, се имплементира и заклучно со јуни опфатени се 273 деца во 15 општини (15 градинки) и вкупно 208 деца повторно во 3те општини поддржани преку ИПА проектот.

Подготвена е нова апликација за учебната 2020/2021 до Ромскиот едукативен фонд.

Доставена е информација до Влада за реализраните активности во рамките на проектот и продолжување на процесот на пилотирање на мерката за предучилишно образование за деца Роми во 15 општини.

Во првата половина од 2020 година, функционираат 3 Ромски Информативни Центри (Гостивар, Кочани, и Делчево).

На крајот на февруари 2020 Законот за лицата без регулиран граѓански статус е усвоен и од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Подготвена е Уредба со правна законска сила за одложуавње на рокот за поднесување на барање до Управата за водење на матични книги и Министерството за внатрешни работи, за добивање на посебен извод од матична книга на родените и посебен документ за идентификација.

Дислоцирани се 15 семејства (101 лица, 35 возрасни и 66 деца) во надлежност на Министерството за труд и социјална политика и сместени се во привремените живеалишта во Визбегово.

Во соработка со општините, дистрибуирани се хуманитарни пакети за најзагрозените семејства во Битола, Берово и Тетово.

Во соработка со повеќе донатори и ромски невладини организации, преку структурите на РОМАКТЕД беа дистрибуирани 1.960 најсиромашни ромски семејства, прехрамбени и хигиенски пакети за 1.960 најсиромашни ромски семејства, во 12 општини во Република Северна Македонија.

РОМАКТЕД, заедно со сите 12 општини, е во процес на потпишување анекс, за продолжување на имплементацијата на малите грантови и издвојување дополнителни средства за справување со пандемијата COVID 19.

### 1.10.3. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

**Оваа програма е составена од две потпрограми:**

• Унапредување на родовата еднаквост и

• Превенција и заштита од сите форми на дискриминација.

Во рамките на двете потпрограми, реализирани се следниве активности :

**I. Унапредување на родовата еднаквост**

**Реализирани активности во 2020 година**

- Тековно спроведување на активности од потпишан Договор за грант во вкупен износ од 150.000 евра за Поддршка на имплементација на Национален акциски план за Истанбулска конвенција финансиран од Министерството за надворешни работи на Холандија со Договор бр. 02-5580/1 од 29.07.2019 година. Проектот е потпишан за период до декември 2021 година. Со овие средства се предвидени активности неопходни за успешно спроведување на Истанбулската конвенција во РСМ.
- Спроведување на активности од потпишан Договор за грант за „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во РСМ“ помеѓу МТСП и UN Women на 21.11.2019 година бр. 17-8716/1 во вкупен износ од 13.339.660,00 денари.
- Усвоен на седница на Влада во ноември 2020 година нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

- Формирана работна група за пдоготовка на измени и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите.
- МТСП преку СЕМ е активно вклучено во креирање на системски пристап за унапредување на политиките за еднакви можности во согласност со Парискиот договор за клима како и Рамковната Конвенција за климатски промени на Обединетите Нации – Македонија е членка на тој Договор, РСМ ја има ратификувано Конвенцијата.
- Министерството за труд и социјална политика во соработка со УНДП спроведува заедничка активност за изработка на мобилната апликација BE SAFE во нашата земја за пријавување на родово базирано насилство. Во услови кога за време на пандемија и ограничено движење, голем број на земји известуваат за зголемен број на случаи на родово базирано насилство, едновремено се присутни и голем број иновативни технолошки алатки за поголема пристапност до информации и побрза рекација за поддршка на жртвите.
- Тековна имплементација на Проектот финансиран од ЕУ „Подобрување на работните услови" ќе му помага на Министерството за труд и социјална политика при справување со предизвиците поврзани со создавањето на поправедна околина на пазарот на трудот, борба против непријавената работа и справување со различните позиции на мажите и жените на пазарот на трудот. Ова соодветствува со принципите и правата кои се втемелени во Европскиот столба за социјални права и агендата за достојна работа. Втората компонента на проектот се однесува на Секторот за еднакви можности, односно истата се однесува на Борба против родовата дискриминација на работните места и усогласување меѓу семејниот и професионалниот живот.
- Доставен и усвоен извештај на Влада за Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (ИРГ).
- Изработена Евалуација на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и подготовка на Драфт ткест на нова Стратегија за родова еднаквост.
- Подготовка на Анализи на 6 учебника од основно и средно обраозвание од аспект на родова еднаквост и недискриминација.
- Компаративна анализа за добри пракси за родово одговорно буџетирање.
- Изработени модули за обуки за родово базирано насилство и
- Драфт Станрадни оперативни процедури за услуги за родово базирано насилство.

## II. Превенција и заштита од сите форми на дискриминација

### Реализирани активности во 2020 година

- Усвоен нов закон за спречување и заштита од дискриминација во октомври 2020 година, по негово укинување од страна на Уставниот суд во мај 2020 заради процедурални прашања.

- Изработен драфт текст на измени и дополнување на Кодексот на администртаивни службеници соглансо надлежностите од новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

- Изработен драфт методологија за собирање на податоцис согласно обврските од нвоиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

- Изработено Упатство за должностите на јавниот сектор согласно надлежностите од новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

- Формирана работна група за подготовка на драфт на НАП за ЛГБТИ.

- Дадена поддршка на граѓански сектор за отварање на прва СОС линија за ЛГБИ лица во РСМ за време на КОВИД кризата и
- Формирана работна група за измени и дополнувања на Закон за заштита од вознемирување на работно место.

## 1.10.4.УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

• Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка и

• Инструмент за претпристапна помош;

**I. Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка**

**Реализирани активности во 2020 година:**

Во делот на поддршката на процесот на европска интеграција, треба да се одбележи дека во февруари, април, јуни и септември 2020, се подготвија ажурирања (update) на Извештајот за остварениот напредок во процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ, т.е. Придонесот на РСМ кон Годишниот извештај на Европската комисија, кој претходно беше изготвен и доставен во ноември минатата година.

Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија 2020 беше објавен во октомври 2020 година.

Во текот на последното тромесечје од годината, се работеше на подготовка на новиот Извештај за остварениот напредок во процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, т.е. Придонесот на РМ кон Годишниот извештај на Европската комисија, за 2021 година.

Во декември 2020 се пристапи кон подготовка на годишниот извештај за ревидираната ЕСРП 2022 – ЕСРП(р). Подготовката на извештајот е реализирана во соработка, координација и консултации помеѓу сите релевантни чинители, кои се дел од Секторската работна група за „Образование, вработување и социјална политика“.  По усвојувањето, документот ќе се достави до Европската комисија, како еден од предусловите за исплата на новата транша на ИПА Секторскиот реформски договор „ЕУ за младите“.

Овогодинешното ревидирање на Програмата НПАА-ревизија 2020-2023-2025 беше иницирано од СЕП во февруари 2020, додека за . Материјалите кои ги подготвуваше МТСП за ревизијата на НПАА Програмата во соработка со работните групи на соодветните поглавја, се однесуваа на областите опфатени со Поглавјата 3.02 Слобода на движење на работници и 3.19 Социјална политика и вработување, кои се директно координирани од страна на Министерството за труд и социјална политика, како и  на поглавјата 3.23-Правосудство и фундаментални права и поглавје 3.26 - Образование, култура и млади. Во март, материјалите се доставени до СЕП, кој го комплетира и консолидира целокупниот материјал. Во ноември, СЕП иницираше подготовка на Програмата НПАА 2021-2023-2025.

На 26 март 2020 година се одржа 16-тиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и беше констатиран постигнатиот напредок во областите опфатени со поглавјето 3.19 Социјална политика и вработување. На 19 ноември 2020, претставници на МТСП учествуваа на 16-от состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи.

МТСП ја започна подготовката на редовниот Осми извештај на Република Северна Македонија за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, кој се подготвува во текот на 2020 година и се однесува на членовите од Повелбата кои припаѓаат на втората тематска група „Здравство, социјална сигурност и социјална заштита “, т.е. членовите 3,11, 12, 13, кои ги има прифатено нашата држава со ратификацијата на Повелбата.

Во октомври 2020, претставник на РСМ учествуваше на 140-от состанок на Владиниот комитет за Европска социјална повелба во  Совет на Европа.

До Советот на Европа се доставија ажурираните информации за системите за социјална сигурност во Република Северна Македонија со состојба 1 јануари 2020.

Во делот на билатералната соработка, се иницираше склучувањето нов Меморандум за соработка со Република Австрија. Во рамки на билатералната соработка со Австрија, започна спроведувањето на проектот за воспоставување услуги за поддржано вработување во Северна Македонија. Се одржаа четири виртуелни работилница за развој на стандарди за поддржано вработување на младите, а се подготвија и нацрт стандарди за обезбедување на оваа услуга.

## II. Инструмент за претпристапна помош (ИПА 2)

Реализирани активности во 2020 година:

ИПА Акциската програма 2017 „**ЕУ поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика**" е во фаза на имплементација: се спроведуваат 12 од предвидените 16 проекти во надлежност на МТСП. Во завршна фаза се и подготовките за преостанатите четири проекти. Во следната табела е даден преглед на проектите според начинот на управување и сегашниот статус:

| **Индиректно управување**<br>(договорен орган: Сектор за централно финансирање и склучување договори/Министерство за финансии) | **Директно управување**<br>(договорен орган: Делегација на ЕУ) |
|---|---|
| Склучени договори<br>• Техничка помош за подобрување на квалитетот за претшколско образование;<br>• Техничка помош за подобрување на условите за работа;<br>• Грант за активација на ранливите групи на пазарот на трудот; | Склучени договори<br>• Техничка помош за подобрување на квалитетот на податоците и јакнење на креирањето на политиките;<br>• Грант за зајакнување на социјалниот дијалог;<br>• Два грант проекти за домување и социјално вклучување на Ромите;<br>• Техничка помош за модернизација и деинституционализација на услугите на социјална заштита;<br>• Три грант проекти за поддршка на деинституционализацијата во Специјалниот завод во Демир Капија;<br>• Техничка помош за поддршка на социјалните претпријатија; |
| План<br>• Градба и опремување на градинки во Тетово и Теарце;<br>• Надзор на градба. | План<br>• Грантова шема за социјални претпријатија;<br>• Опрема за подобрување на податоците во секторите образование, вработување и социјална политика. |

Проектите во имплементација се спроведуваа со различна динамика.

Како поважни остварувања во рамки на оваа програма во 2020 може да се издвои следново:

- Беа склучени 4 локални пактови за вработување, а пактот во Битола доби финансиска поддршка. Беше подготвена анализа за ефектите од КОВИД 19 на пазарот на трудот и приватниот сектор. Доделени се грантови за поддршка на социјалните партнери, за модернизирање на постојните и развој на нови услуги, насочени кон зголемување на нивната релевантност, влијание и видливост.

- Центрите за вработување во соработка со ЦСР изработија планови за активација за 735 корисници на гарантирана минимална помош. Во мерката „Побарувани занимања“ беа вклучени 28 корисници и во „Субвенционирано вработување“ беа вклучени 21 корисника.
- Се дефинираа стандарди на квалификации и компетенции за директори, негователи, стручни работници и стручни соработници во предучилишните институции; се изработија методологија, процедури и инструменти за управување со професионалниот развој на вработените во предучилишното воспитание и образование, како и каталог на акредитирани даватели на обуки и услуги за стручните лица; се подготвува нацрт на структурата, концептот, дизајнот и структура на содржината на инструментите за следење и евалуација на ефектите од планираните обуки; се работи и на развој на механизми за обезбедување на одржлива финансиска поддршка за професионален развој на вработените во предучилишното образование.
- Во согласност со новиот Закон за социјална заштита, осум општини подготвија локални планови за социјално вклучување и во тек е подготовка на уште два плана. Се подготвија тренинг програми, материјали за видливост и обуки на стручните лица во функција на престојната преселба на корисницте од Демир Капија (Имплементацијата на теренската работа со корисниците во СЗ Демир Капија беше пролонгирана заради ситуацијата со КОВИД 19, но во тек се проценки со вработените во Д.К. и подготовка на планот за трансформација на Заводот).

Се подготви првиот годишен извештај за имплементација на Акциската програма 2017 и самооценката на критериумите за воведување на секторскиот пристап. На 17 декември 2020 се одржа вториот состанок на Секторскиот комитет за следење на кој се разгледа напредокот во имплементација на програмата.

Финансиската спогодба за имплементација акциите „ЕУ за младите“ и „ЕУ за вклучување“ од ИПА прогамата 2019 се потпиша и започна да се спроведува во март 2020. Заклучно со ноември 2020, 8745 млади лица се регистрирани во акцијата **„ЕУ за младите“** (Гаранцијата за млади) во Североисточниот, Југозападниот и Полошикиот регион, а од нив 26.8% бележат успешен излез (се вработиле или се вклучиле во мерка за вработување). Беше исплатена и првата транша од 3 мил. евра од страна на Европската Комисија, која беше неменета за справување со кризата предизвикана од Ковид.

Во однос на акцијата **„ЕУ за инклузија“** се спроведува постапката за доделување грантови „ЕУ за Ромите и лицата кои живеат во длабока сиромаштија” (Call for proposals "EU for Roma and people living in deep poverty"), а во тек се преговорите за поддршка на трансформацијата на 1-2 резиденцијални установи и воспоставување на не-резинденцијални социјални услуги во заедницата.

Во периодот април-јуни 2020, Владата на РСМ и Делегацијата на ЕУ иницираа дијалог со цел создавање нов пакет активности што ќе ја поддржат економијата во периодот на закрепнување. Пакетот на мерки содржани во програмата „**Поддршка на ЕУ за социјална и економска отпорност“ (EU4Resiliance)** во вкупен износ од 40 мил. евра ќе ја поддржи Република Северна Македонија

во ублажувањето на негативните социо-економски влијанија на Ковид-19. Ќе се обезбеди финансирање за владини мерки насочени кон подобрување на ликвидноста на микро, малите и средни претпријатија, како и поддршка на реинтеграција на невработените жени и мажи на пазарот на труд, со посебен фокус на младите и жените. Меѓу другото, програмата предвидува поддршка на активните мерки за пазарот на труд во висина од 10 мил. евра за одржливо и правично закрепнување во периодот по короната со:

- грантова линија за невработени лица, кои сакаат да го формализираат својот бизнис или да основаат нов бизнис;
- грантова линија за постоечки фирми (микро, мали и средни) кои создаваат нови работни места.

Финансиската спогодба помеѓу Владата и Европската Комисија за новата буџетска програма „ЕУ за социјална и економска отпорност во Република Северна Македонија“ се потпиша во септември. До март 2020, 1600 невработени лица се очекува да добијат поддршка за започнување сопствен бизнис или да се вработат како резултат на поддршката што ќе ја обезбеди Агенцијата за вработување.

Започна програмирањето на претпристапната помош за програмскиот период 2021-2027 (ИПА III). Се подготви **Стратешкиот одговор (Strategic Response) 2021-2027** во кој се содржани стратешките приоритети на земјата за кои се очекува финансиска поддршка од ЕУ преку ИПА III. МТСП заедно со МОН и Министерството за здравство е вклучено во т.н. Прозорец 4 Конкурентност и инклузивен раст (Window 4 Competitiveness and Inclusive Growth). Предвидено е финансирање на два приоритета: 1) Да се зголеми нивото на вработување и квалитетот на работни места и продуктивноста и 2) Да се намали сиромаштијата и социјалната исклученост. Исто така, се подготви и предлог **Акциско фише „ЕУ за квалитетно вработување и еднакви можности”** за финансирање во рамки на програмската година 2022 на следните три проекти: 1) Зајакнување на безбедноста и здравјето при работа, 2) Унапредување на родовата еднаквост и 3) Воспоставување на систем за следење и обезбедување квалитет на социјалните услуги.

Во 2020 се одржаа две пленарни сесии на Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика“ (на 18 јуни и 16 ноември 2020). На состаноците се дискутираше за ИПА III и за Рамката за одржлив развој на УН 2025.

За унапредување на координацијата со меѓународните организации, донаторите и др. чинители во секторот беше развиена софтверска апликација со поддршка на SDC, која се очекува да го подобри протокот на информации за сите активни интервенции во овој сектор.

### 1.10.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

**Оваа програма е составена од две потпрограми и тоа:**

• Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и

• Развој на информатичката технологија.

Во 2020 година се преадаптирани или изградени следните објекти:

I. Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти

Реализирани активности во 2020 година:

- Изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Сопиште, капацитет 57 деца и во Општина Василево, капацитет 55 деца – градежни работи во тек;
- Изведување на градежни работи за реконструкција со адаптација на постоечки простор на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Делчево, капацитет 20 деца – градежни работи во тек;
- Изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Струмица, капацитет 53 деца и Општина Ѓорче Петров, капацитет 53 деца, – градежни работи во тек;
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Гостивар с. Бањица, капацитет 57 деца – завршена;
- Изведување на градежни работи (машински инсталации) и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Илинден, капацитет 53 деца;
- Изведување на градежни работи за изградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Чаир, капацитет 350 деца – во тек
- Изведување на градежни работи за реконструкција со адаптација на постоечки простор на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Ресен, капацитет 105 деца и Општина Боговиње, капацитет 80 деца;
- Изведување на градежни работи за изградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Кавадарци, капацитет 155 деца, Општина Неготино, капацитет 161 деца, Општина Кочани, капацитет 115 деца, Општина Струмица, капацитет 300 деца, Општина Ѓорче Петров (Волково), капацитет 175 деца, Општина Кисела Вода (Драчево), капацитет 120 деца, Општина Брвеница, капацитет 80 деца и Општина Босилово, капацитет 60 деца – во тек
- Изведување на градежни работи за надградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Крива Паланка, капацитет 100 деца – во тек

- Изведување на градежни работи за реконструкција со адаптација на постоечки простор и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Лозово капацитет 25 деца;
- Изведување на градежни работи за доградба на објект и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово, капацитет 40 деца-во тек;
- Изведување на градежни работи за изградба на објект и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во с. Кондово, Општина Сарај, капацитет 80 деца.
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Врапчиште, капацитет 60 деца - завршена

**Реализирани активности за 2020 година – објекти за социјална заштита:**

- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца "– Битола – во тек
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца "– Битола – во тек
- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца "– Битола – во тек
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца "– Битола –во тек
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Берово – отпочната постапка
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Пробиштип – во тек
- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за деца и прифатен центар за деца минувачи при Ј.У за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение – отпочната постапка
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за деца и прифатен центар за деца минувачи при Ј.У за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение – отпочната постапка
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци "– Скопје – во тек

- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци “– Скопје – во тек
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со интелектуална попреченост (Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – „ПОРАКА “) – прекината постапка

II. Развој на информатичката технологија

**Реализирани активности во 2020 година**

- Набавен интернет пристап за МТСП, ЦСР и установите
- Набавено одржување на информацискиот систем ЛИРИКУС
- Набавено одржување на информацискиот систем за посвојување
- Набавено одржување на информацискиот систем во Управата за прашања на борците и воените инвалиди
- Склучен договор за сервисирање и одржување на хардверска опрема во МТСП
- Набавено одржување на електронскиот систем за контрола на работното време во МТСП, ЦСР и установите
- Набавена антивирусна заштита за ИКТ технологиите во МТСП, ЦСР и установите

## 1.10.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2020 ГОДИНА

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

**Реализирани активности во 2020 година:**

Реализацијата на Буџетот се одвива со предвидена динамика на заостанатите и преземени обврски од 2019 година, редовни исплати на надоместоците според програми и потпрограми, врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на МТСП за прва и втора буџетска линија.

Реализацијата се одвиваваше со предвидена динамика на преземени обврски за 2020 година и тоа:

- Исплата на права од социјална заштита; Гарантирана минимална помош ГМП; Надоместок заради попреченост; Траен надоместок; Социјална парична помош; Паричен надоместок за помош и нега од друго лице; Постојана парична помош; Еднократна парична помош и помош во натура; Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот; Додаток за мобилност и слепило; Додаток за глувост; Сместување во загрижувачко семејство; Право на здравствена заштита; Цивилна инвалиднина; Парична помош за социјално домување; СПП Азиланти; Азиланти домување; Парична помош за згрижувач; Парична помош за студирање; Парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа; Субвенции за електрична енергија; Исплата на права од заштита на децата; Детски додаток; Посебен додаток; ЕПП за новороденче; Родителски додаток за дете; Додаток за образование; Партиципација; Исплати чија основаност е во соодветни програми со одредена намена; Трансферите кон ПИОМ и АВРМ; Трансферите за Фондот за здравство; Поврат на придонесите од плати за заштитните организации кои имаат вработено инвалидни лица; Исплата на средства по основ на закон од областа на законот за боречко инвалидска заштита; За проектот енергетска сиромаштија; Проект за Банско - климатска рекреација за пензионери; Бесплатен туристички викенд за пензионери; Бесплатно зимување и летување на деца од социјален ризик; Плати и надоместоци за вработените; Плати и надоместоци за ЈУ МЦСР-ти и Јавни установи, Блок дотации за старски домови (плата и материјални трошоци); Плата за детски градинки и материјални трошоци за детските градинки; Материјални трошоци, тековно инвестиционо одржување и други исплати предвидени со Буџетот и буџетските планови; Исплата на комисии; Исплата на проекти; Подготовка на налози за исплата на права за домување и сместување на внатрешно раселени лица; Финансирање на годишни активности на Црвен Крст; Финансирање на годишни програмски активности на Национален совет на инвалидски организации на Македонија, ,националните инвалидски организации и Национално координативно тело за еднакви права на лица со инвалидност од приходите од игри на среќа и од забавни игри; Исплата на Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА-НЕГОТИНО, Финансирање на Проект на здружение на граѓани за заштита на жртви на семејно насилство; Проект Центар за интеграција на бегалци и странци ,финансиран од УНХЦР; Исплата на здравствена заштита за корисници од социјална заштита и за корисници со статус на бегалци; Исплата на паричен надомест за финансиска помош (за корисници на минимална плата) ; Поврат на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Пренасочување на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Исплата на помирувачи (арбитри) во врска со мирно решавање на работни спорови; Денарска, девизна и бензински бонови за ПРОЕКТИТЕ на МТСП.

Управување со човечки ресурси

Реализирани активности во 2020 година:

Работните процеси за управување со човечките ресурси беше фокусирано на две генерални подрачја и тоа:

1) Персонален менаџмент и

2) Развој на човечките ресурси.

Покрај интерната мобилност на вработените, се реализира 2 (две) постапки на преземање на вработен во министерството од друг орган од јавниот сектор. Исто така се реализираа 2 (две) постапки за преземање на вработени од министерството за труд и социјална политика во друг орган на управата.

Периодот го обележа флуктуација на ресурсите и тоа од:

- индивидуална (лична) природа (отказ на барање на вработен) –2 извршители,
- пензионирање –7 извршители,
- 5 мирувања на работен однос поради именување на функција.
- Спроведена постапка за мерење на задоволството кај вработените.

**Внатрешна ревизија**

**Реализирани активности во 2020 година:**

- Ревизија на материјално финансиско работење во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми “25-ти Мај“ – Скопје.

**Правни, општи и заеднички работи**

**Реализирани активности во 2020 година:**

Изготвени се одлуки, решенија, договори, спогодби, посебни договори по член 252 од ЗРО, решенија за отпремнина, слободни денови по основ на закон и колективен договор, наредби за вработени, решенија за именување директори на ЈУМЦСР и Установи од областа на социјалната заштита во РМ, овластувања и други акти кои произлегуваат од секојдневната работа, одговори на тужби, жалби и други правни поднесоци од трети лица и вработени, одговори на платни налози по барање на Државното правобранителство на РМ, тужби во кои МТСП е страна во спорот и жалби до државната комисија, кривични предмети по барање на ОЈО, иницијативи и претставки од ОЈО, Народен правобранител, Хелсиншки комитет и други институции. Изработени се одлуки за давање на трајно и времено користење на движни и недвижни ствари, сопственост на РМ, со корисничко право или на МТСП или на други институции,

согласно закон. Дадени се правни мислења по побарани мислења од страна на Влада на РМ. Изработка на тековни документи и предмети поврзани со правни работи во секторот (барања, потврди, известувања и сл.) Подготвени се инструкции за канцелариско и архивско работење, постапување по записници и решенија на Државниот управен инспекторат, статистички извештаи за примени и обработени предмети во управна постапка од втор степен и доставени до МИОА, наредби за вработените во архивата, ажурирана е евидентна книга за евиденција на недвижните ствари кои се во сопственост или се дадени на користење на МТСП. Изготвени се: План за архивски знаци за распоредување на актите, листа на архивска граѓа од трајна вредност, листа на документиран материјал со рокови на негово чување, овластувања за ракување и работа со печати и штенбили согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење, како и овластувања за отворање на пошта. Во тек е спроведување на редовен попис на движни и недвижни ствари сопственост на министерството и органите во состав за 2020 година.

## *1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 ГОДИНА НА МТСП*

### 1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Оваа програма е составена од четири потпрограми и тоа:**

- Политики за вработување;
- Трудово право;
- Социјален дијалог и
- Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

**I.Политики за вработување**

**Реализирани активности во 2021 година:**

Имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, е во завршна фаза. Во текот е имплементацијата на истиот, заради обезбедена дополнителни средства со ребалансот на Буџетот на РСМ. Имено, за имплеменатција на Оперативниот се планирани вкупно 1.816.690.886 денари во рамките на кои ќе се опфатат 11.933

невработени лица. Истиот се дополни со уште една мерка за субвенционирање на платите во текстилниот сектор и тоа во Источниот, Вардарскиот , Полошкиот и Југозападниот плански регион.

Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година ја вклучува Програмата за „Гаранција за млади“, со планиран опфат на млади (15-29 години) од 10.000 невработени лица која се спроведува на територијата на целата држава и согласно подготвениот План за Гаранција за млади 2020-2022 година.

Се усвои нова Стратегијата за вработување 2021-2027 година, Акциски план за вработување 2021- 2023 година, Акциски план за формализација на неформалната економија 2021-2022 година, како и Информација за имплементација на Акцискиот план за формализација на неформалната работа 2018-2020 година.

Во тек е имплементација на ИПА проектот за „Подобрување на условите за работа“ кој се финансира преку ИПА II и започна со имплементација во ноември 2019 год, со времетраење од 24 месеци. Во рамките на овој проект подготвени се повеќе анализи во кои е прикажан можниот начинот на вклучување на повеќе органи и институции за обезбедување на податоци и информации за неформалните вработувања, како и компаративна анлиза за воведување на идентификациони картици во одделни сектори, како и анализа за функционирање на ваучери во неколку држави. Подготвена е шема заснована на ваучер системот. Се продолжи со имплементација Проектот – Зголемување на можностите за вработување на сезонските работници во регионот на Југоисточна Европа во 2019 и 10/2020 година кој има за цел да го иницира, поддржи и олесни процесот за реформа на системот за регистрирање сезонски работници во земјоделскиот сектор со изградено софтверско решение кое ќе ја поедностави постапката за регистрација на истите и ќе се придонесе кон формализирање на сезонскиот труд **во земјоделството**.

Се продолжи и со имплементација на Работниот план за 2018 -2021 година за имплементација на моделот за „Преглед на занимања“ (*occupational outlook*), при што изготвени се и прикачени на web-страната (www.zanimanja.mk) се вкупно 60 занимања.

## II.Трудово право

**Реализирани активности во 2021 година:**

Подготвен е нацрт-текстот на новиот Закон за работните односи, истиот е усогласен со предлози и препораки од Меѓународната организација, како и обезбедување на усогласност со европското законодавство и конвенциите на Меѓународната организација на трудот

Во постојниот Закон за работните односи направени се измени во делот за недела на неработен ден, при што се утврди дека ден на неделен одмор е недела, со одредени исклучоци каде техничко -технолошкиот процес ја наметнува потребата од континуитет во работењето. За непречена примена на Законот донесени се и соодветни правилници. Донесена е Стратегија за промовирање и развој на претприемништвото 2021-2024 година со акциски план за нејзина имплементација.

Се подготви нов Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата. Во новото законско решение, предвидено е условот којшто се однесува на должината на работниот однос да биде 14 години.

Се подготви нацрт текст на Законот за волонтерство, кој е во владина процедура и се усвои Стратегија за промовирање и развој на волонтерството за 2021- 2025 година.

Се подготви работен текст на Предлог на Закон за безбедност и здравје при работа кој е разгледан од страна на повеќе засегнати страни , и се усвои нова Стратегија за периодот 2021 -2025 година со акциски план за нејзина реализација.

Изготвени се и донесени: Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог и Правилник за начинот на водење на евиденцијата за изречените инспекциски мерки -опомени согласно Закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството („Службен весник на РСМ“ бр. 145/21).

## III.Социјален дијалог

### Реализирани активности во 2021 година:

Економско-социјалниот совет во 2021 година одржа 15 седници на кои беа разгледани и дискутирани повеќе старетшки прописи, предлог закони, документи и теми во надлежност на работата на ЕСС.

Се подготви и усвои Годишна програма за ЕСС за 2021 и Годишен извештај за работење на ЕСС во 2020 година.

Одржани се шест седници на Комисијата за репрезентативност, разгледано е барање од здружение на работодавачи.

Во рамки на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ кој на барање на МТСП е финансиран од ЕУ и спроведуван преку директен грант од МОТ, се реализираа следните активности:

- Медиумска кампања за подигнување на свесноста за работничките права, „Мој труд, мои права!“
- Обука за членовите на постојните комисии на ЕСС и ЛЕСС-те на тема „Градење на консензус во процес на колективно преговарање“, каде се обучени вкупно 24 лица

- Обука за зајакнување на капацитетите на ЕСС
- Зачувување на секое работно место и почитување на работничките права, затоа што сечиј труд е важен.
- Разгледување на документ за перформанс мониторинг на Економско-социјални совети од држави на Западен Балкан, во рамки на регионалниот проект Платформа за вработување и социјални прашања 2 (ЕСАП 2)
- Разгледување на анализи подготвени во рамки на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ (Предлог политики за претприемничка култура,
- Пречки во пристапот до финансиски средства за микро, мали и средни претрпијатија, Претрпиемнички еко-систем во РСМ - Проценка на пазарот)
- -Разгледување на Анализа „Премостување на возрасниот јаз - развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвиците поврзани со возраста“
- Подготвена е анализа за нетипични форми на договори за вработуавње и истат е презентирана пред социјалните пртнери.

Модернизирање на услугите на социјалните партнери, каде во рамки на активноста е изработена платформа за зачленување во Конфедерација на слободни синдикати на РМ (КСС) и промотивно видео, целосно дигитализирање на услугите на Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ) за пријава на прекршено работничко право – апликација „ССМ - Мои работнички права“, алатка за директна комуникација преку веб-страницата, е-советник за работнички права, реализација на услугата на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) за истражување на плати – „Конкурентна ПЛАТА“, подготвена платформа на ОРМ за е-учење на тема – БЗР и работнички права и подготвена платформа на Бизнис Конфедерацијата на Македонија (БКМ) – ресурсен центар и правно катче.

### IV. Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

**Реализирани активности во 2021 година:**

- Поведување на прекршочна постапка од овластен подносител 94 барања;
- Дополнувања на 22 прекршочни барања;
- До сторител на прекршок за произнесување по однос на сторениот прекршок 60 известувања;
- Со прекршочна глоба донесени 45 решение;
- Донесени 3 решенија за ненадлежност, 5 решенија за отфрлање на прекршочното барање , 2 решенија за запирање на

постапката и

- Предадени за извршување пред Управата за јавни приходи 54 предмети.

### 1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

**Оваа програма е составена од следниве потпрограми:**

• Социјална заштита

• Инспекциски надзор над остварувањето на материјалните социјалните права и услуги од социјална заштита и заштита на децата;

• Пензиско и инвалидско осигурување;

• Заштита на децата и

• Поддршка на развојот на Ромите.

**I. Социјална заштита**

**Реализирани активности во 2021 година:**

Донесен е закон за изменување на Закокот за социјалната заштита („службен весник на РСМ“ бр.163/21) со кој пропис се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години живот.

**Донесени се следниве подзаконски акти:**

- Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на услугите на советување и за простор, средства, кадри и потребна документација за советувалиште (Службен весник на РСМ бр.84/21);
- Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој (Службен весник на РСМ бр.91/21);
- Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за одмена на семејна грижа и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за одмена на семејна (Службен весник на РСМ бр.53/21);

- Донесена е Програма за остварување на социјалната заштита за 2021 година, со која се утврдуваат подрачјата нас оцијалната заштита, потребите на населението и начинот и средствата за остварување на социјалнатазаштита;
- Донесена е годишна Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонијаза 2021 година;
- ПРОГРАМА за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2021 година;
- Донесена Програма за работа на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства и
- Донесена Програма за работа на Центарот за мајки и деца.

Со оглед дека состојбата со пандемијата КОВИД-19 продолжи и во 2021 година, а со цел за обезбедување на полесен пристап до остварување на правото на гарантирана минимална помош во услови на вонредни околности, на 23 декември 2020 беше донесен Закон за дополнување на Законот за социјалната заштита. Бројот на корисници на ГМП од почетокот на пандемијата е зголемен за 6,629 домаќинства, односно пред почетокот на пандемијата со вирусот КОВИД-19 правото на ГМП во нашата држава го користеле 28.564 а во моментов како горисници на правото на ГМП се евидентирани 35.193 домаќинства

Со цел за обезбедување на социјални услуги, спроведена е постапка по јавен конкурсза доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги и тоа за: лична асистенција ( со која се обезбедува индивидуална помош и поддршка за лица со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка) , живеење со поддршка ( за независно живеење на корисниците во станбена единица со поддршка од страна на стручни лица или други лица во остварување на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот), и сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности ( со која се обезбедува третман и рехабилитација, работно-окупациона терапја, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и реинтеграција во општеството на лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица).

Врз основа на спроведената постапка Министерството за труд и социјална политика склучи управни договори и тоа за реализацијата на доделените средства за обезбедување на услугата лична асистенција помеѓу и Црвен крст на Република Северна Македонија, Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА Куманово, Здружението за подршка и развој Хуманост; за обезбедување на услугата сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности со Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дрога и други психоактивни супстанции и прекузори ТЕРАПЕВТСКА ЗАЕДНИЦА – ПОКРОВ; и за обезбедување на услугата за вон-семејна заштита живеење со

поддршка со Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА НЕГОТИНО Неготино, по цена утврдена со Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги од овластени даватели на услуга за 2021 година.

Мрежата на дватели на социјални услуги е проширена. Имено, врз основа на мислењето на Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги, издадени се 24 лиценци за давање на социјални услуги на здруженија и приватни субјекти.

Во 2021 година, по спроведената постапка доделени се средства на лиценцирани даватели на социјални услуги и тоа за: лична асистенција, живеење со поддршка и сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности ( со која се обезбедува третман и рехабилитација, работно-окупационатерапја, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и реинтеграција во општеството на лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица. Ценатата на социјалните услуги е утврдена со Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги од овластени даватели на услуга за 2021 година, согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/19).

Во тек е имплементацијана „Проектот за подобрување на социјалните услуги “има за цел да се зајакне целокупниот систем на обезбедување социјална заштита и поддржува воспоставување и проширување на превентивни мерки и социјални услуги во домот и во заедницата, кој Министерството за труд и социјална политика го спроведува овој проект преку заем од Сведска Банка.

Во моментот се имплементираат 19 проекти за развој на социјални услуги во вкупно 24 општини кои беа избрани во 2020 година на јавен повик за аплицирање, а врз основа на претходно мапирани најприоритетни потреби на граѓаните во овие општини. Во 16 проекти се поддржува развојот на услугата помош и нега во домот, а останатите три проекти го поддржуваат развојот на услугата дневен центар за стари лица, услугата дневен престој за деца со попреченост и услугата рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост.

Со цел да се подготват давателите на услуги за исполнување на пропишаните нормативи и стандарди за давање на услуги и врз основа на истите да стекнат дозвола завршење работи во социјална заштита, со грантовите во првите пет месеци од имплементацијата на проектот се финансираа активности за воспоставување на услугата. Овие активности вклучуваат подготовка на простор, обезбедување на опрема и обуки за кадарот кој е потребен за давање на услугата. Вкупно 292 негуватели за услугата за помош и негаводомот и 12 стручнилица за останатите услуги се обучени и подготвени да работат на обезбедување на услугата.

**Деинституционализација:**

Како дел од трансформацијата на услугите, во март 2021 година, во завршна фаза се подготовките за отворање на првите два центри за поддршка на згрижувачките семејства при поранешните детски резиденцијални институции во Скопје и во Битола, како и на центар за одмена на семејната грижа при Специјалниот завод Демир Капија. Во трите објекти се завршени потребните реконструктивни работи, подготвени се програми за работа и соодветни интерни акти, а во во тек се опремувањето и изборот и обуките на идните вработени. Со Делегацијата на ЕУ активно се работи на подготовка на проект за темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје (Топанско Поле), со што институцијата ќе прерасне во современ центар за рана идентификација и интервенција, различни дневни развојни услуги за деца и лица со попреченост и за професионална рехабилитација.

Од почетокот на 2021 година, започнаа подготовките за повторно стартување на преселбата на корисници со попреченост од преостанатите резиденцијални социјални установи за лица со попреченост, со посебни протоколи соодветни на пандемиските услови. Првите две единици за вкупно 10 корисници се подготвени и нивното отворање се направи во април 2021 година.

Воспоставени се две станбени единици за живеење со подршка за 10 корисници од ЈУ Специјален Завод Демир Капија, еден во Неготино и еден во Демир Капија.

Се воспостави услугата одмена на семејна грижа со донесување на Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за одмена на семејна грижа ( „Службен весник на РСМ“ бр.53/21).

## II. Инспекциски надзор на примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата

**Реализирани активности во 2021 година:**

Сметано од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година согласно Планот за работа за инспекциската служба за 2021 година извршени се 139 редовни инспекциски надзори во 27 ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа, 9 приватни и 2 јавни установи кои даваат социјални услуги за вон-семејна заштита- сместување во установа, 25 ЈОУ детски градинки и во 5 ПУ детски градинки).

Во извештајниот период спроведени се 128 контролни инспекциски надзори во 20 ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа, 3 приватни и 2 јавни установи кои даваат социјални услуги за вон-семејна заштита- сместување во установа, 20 ЈОУ детски градинки и во 6 ПУ детски градинки. При извршените контролни инспекциски надзори не е постапено по 9 изречени мерки.

Во текот на наведениот временски период спроведени се 235 вонредни инспекциски надзори по поднесени иницијативи од граѓани, службена должност и други надлежни органи и тоа во 25 ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа, 5 приватни и 2 јавни

установи кои даваат социјални услуги за вон-семејна заштита- сместување во установа, 25 ЈОУ детски градинки и во 2 ПУ детски градинки).

При спроведените редовни, контролни и вонредни надзори инспекторите констатирале вкупно 707 неправилности и имаат изречено 712 мерки со рокови за нивно отстранување.

Во извештајниот период изречени се 32 опомени, 3 барања за поведување на прекршочна постапка, 17 иницијативи за покренување на дисциплинска постапка.

## III. Пензиско и инвалидско осигурување

### Реализирани активности во 2021 година:

Проектот за администрирање на социјалното осигурување- СИАП (Social Insurance Administration Project-SIAP) стана ефективен.Проектот е наменет за подобрување на квалитетот на услугите во администрирањето на социјалното осигурување и унапредување на законската рамка, која уредува прашања кои се однесуваат на лицата со попречености и на работните места со стаж на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж). Проектот е составен од следните компоненти:

- Воспоставување на Единствен унифициран регистар за социјално осигурување (Single Unified Registry System - SURS)
- Унапредување и модернизирање на деловните процеси на Фондот на ПИОСМ
- Воспоставување на централизиран систем за вештачење на инвалидноста односно способноста за работа и централно координативно тело за утврдување на инвалидност.
- Реформирање на системот за вработување на лицата со попречености и
- Ревидирање на листата на работни места/професии кои имаат право на предвремено пензионирање поради стажот на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж).

ВРСМ ма 41 седница одржана на 26 јануари 2021 година го разгледа и прифати усогласениот текст на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу РСМ и Унгарија за социјално осигурување и го овласти амбасадорот на РСМ во Унгарија во име на Владата на РСМ да ја потпише Административната спогодба. Административната спогодба за примена на Договорот меѓу РСМ и Унгарија за социјално осигурување се потпиша на 5 мај 2021 година.

Се потпише Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување.

Извршено е изменување и дополнување на членови на решението за именување на претседател и членови на комисијата за билатерална соработка во обласа на социјалното осигурување, со што се утврдија нови членови на комисијата.

Извршено е изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, со кои се изменија членовите на Советот.

## IV. Заштита на децата

**Реализирани активности во 2021 година:**

Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ број 294/21 од 27.12.2021 година)

- Изготвен Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (доставен на мислење до Агенција за заштита на личните податоци)

-Правилникот за поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој ( Службен весник на РСМ бр.102 на 07.05.2021 година)

- Правилник за престанување на важењето на Правилникот за формата и содржината на барањето за донесување на решение од министерот за труд и социјална политика (Службен весник на РСМ број 147/21 од 01.07.2021 година)
-Правилник за престанување на важењето на Правилникот за формата и содржината на барањето за донесување на решение од директорот на центарот за социјална работа (Службен весник на РСМ број 147/21 од 01.07.2021 година)
-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на водењето на евиденцијата, како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца(Службен весник на РСМ број 224/21 од 01.10.2021 година)
-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на водење на евиденцијата и документацијата и за содржината и формата на евиденцијата и документацијата за правата за заштита на децата (Службен весник на РСМ број 230/21 од 12.10.2021 година)

- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски

**Програми, уредби и процедури**

- Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2021 година (Службен весник на РСМ, бр. 8 од 12.1.2021 година)
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 година (Службен весник на РСМ, бр. 3 од 5.1.2021 година

- Изменет Протокол- Оперативен план за активности во установите за згрижување и воспитание на деца. (Службен весник на РСМ, бр. 106 од 11.05.2021 година
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2022 година (Службен весник на РСМ, бр. 293 од 24.12..2021 година
- -Измена на Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 година (Службен весник на РСМ, бр. 300 од 29.12..2021 година
- Измена на Програма за изградба, опремување и одржување на објектиза детска заштита за 2021 година (Службен весник на РСМ, бр. 300 од 29.12..2021 година
- Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2022 година. (Сл. весник на РСМ бр. 182/21) и Одлука за начинот на наплата на износот за „ДЕТСКА НЕДЕЛА" во времето од 4- 10.10.2020 година" (Сл. весник на РСМ бр. 220/21)

**Детски градинки**

До 31.12. 2021 година дадени се решенија за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на јавни установи за деца, објекти во состав, центри за ран детски развој, групи во други просторни услови и приватни детски градинки и тоа за:

- една ЈОУДГ со капацитет за 55 деца
- пет објекти во состав на ЈОУДГ со капацитет за 477 деца
- еден ЦРДР со капацитет за 9 деца
- четири приватни детски градинки со капацитет за 159 деца и
- една промена на капацитет во ПДГ со капацитет за 12 деца

Проекти

Одложен проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2021 година поради пандемијата КОВИД 19.

## V.Поддршка на развојот на Ромите

### Реализирани активности во 2021 година

Со 20 општини и ЈОУДГ потпишани се трипартитни договори за соработка и имплементација на проект. Во 18 општини се ангажирани 18 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образование. Во 3 општини ангажирани се 3 негувателки Ромки за олеснување на процесот на социјализација на децата Роми во детските градинки со поддршка на Ромскиот образовен фонд.

Заклучно со јуни вклучени 120 деца ослободени од плаќање во 17 општини ( 20 градинки).

За период април-мај 2021 година од страна на РИЦи дадени се вкупно 1029 услуги, со фокус на социјалните услуги од областа на (социјална заштита - 675, вработување - 61, лична документација - 36).

Се одвива процесот на имплементација на законот за неевидентирани лица во матична книга на родени. Според последните податоци од УВМКР околу 207 лица имаат поднесено барање, вкупно 38 лица добиле привремана лична карта.

Во насока на подготовка на Стратегија за Ромите 2021-2031, формирани се работни групи од релевантните ресорни министерства со кои ќе се работи поеднинечно според утврдена методологија на подготовката на Стратегијата.

Ревидирана е Нацрт Национална програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија (Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021- 202.

Во рамките на проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ деца Роми опфатени преку ослободување со партиципација изнесува 187 или вкупно 40% од предвидениот таргет 390 за учебната 2021/2022 година.

За период на известување од страна на РИЦи дадени се услуги, со фокус на социјалните услуги од областа на (социјална заштита - 1955, вработување - 98, лична документација – 20).

Согласно **законот** за неевидентирани лица во матична книга на родени, од последните податоци од УВМКР околу 207 лица имаат поднесено барање, вкупно 79 лица има добиено посебни идентификациони исправи.

Во насока на подготовка на Стратегијата за Ромите 2022-2030, одржани се две дводневни работилници со претставници од релевантните ресорни министерства и граѓански организации.

Во 2021 година, МТСП, во соработка со Акциониот тим за интеграција на Ромите на Регионалниот совет за соработка, одржа работна средба на која се презентира нацрт верзијата на Националната Стратегија за Роми, Еднаквост, Инклузија и Партиципација 2022 - 2030.

Подготвен е Национален акционен план за жените Ромки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 година, а во ноември 2021 година во Скопје се одржа јавна дебата за процесот на финализирање.

Националната програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија (Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021- 2023), беше доставена и усвоена од Влада на Република Северна Македонија за разгледување и усвојување.

### 1.11.3.ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми:

- Унапредување на родовата еднаквост и
- Превенција и заштита од сите форми на дискриминација.

I. **Унапредување на родовата еднаквост**

**Реализирани активности во 2021 година:**

Усвоен Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство;

Спроведени се општи обуки за родово базирано насилство(РБН) за: наставници и стручни соработници од основно и средно образование, воспитувачи и негователи, стручни работници од ЦСР,

Подготвена драфт верзија на Стратегија за родова еднаквост 2021-2026.

Воспоставени пет мобилни тимови работат на идентификување на жртвите на трговија со луѓе.

**II. Превенција и заштита од сите форми на дискриминација**

**Реализирани активности во 2021 година:**

Формирана е Комисија за спречување и заштита од дискриминација, согласно Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Направена е евалуација на Стратегија за еднавост и недискриминација 2016-2020 година.

Одржани состаноци на работната група за измени и дополнување на Закон за вознемирување на работно место.

## 1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка и
- Инструмент за претпристапна помош.

**I.Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка**

**Реализирани активности во 2021 година:**

Во делот на поддршката на процесот на европска интеграција, се подготви редовниот годишен извештај за напредокот на РСМ во процесот на пристапување во ЕУ (**придонес кон Извештајот на Европската комисија за РСМ).**

Се ревидираше и текстот на **Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА 2021-2023-2025)**, kонечниот текст на НПАА 2021-2023-2025 е усвоена од Владата на РСМ во јуни 2021.

На 23 март 2021 година се одржа **17-тиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика** помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

Беше подготвен и **годишниот** извештај **за спроведување на ревидираната ЕСРП 2022 за 2020 година**. ЕСРП се достави до Европската комисија, како еден од предусловите за исплата на новата транша на ИПА Секторскиот реформски договор „ЕУ за младите“.

Во рамки на економскиот дијалог со Европската комисија, се пристапи кон оценка на степенот на реализација на мерките од Програмата за економски реформи 2021-2023 што се однесуваат на непријавената работа и реформа на социјалната заштита, а се подготвија и предлог мерки за новата програма што ќе го покрива перидот 2022-2024.

Беше доставен до Советот на Европа **Осмиот извештај на Република Северна Македонија за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба**, кој се однесува на членовите од Повелбата кои припаѓаат на втората тематска група „Здравство, социјална сигурност и социјална заштита “, т.е. членовите 3,11, 12, 13, кои ги има прифатено нашата држава со ратификацијата на Повелбата.

Се подготви нацрт текстот на Деветиот извештај на Република Северна Македонија за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, кој се однесува на членовите од Повелбата кои припаѓаат на третата тематска група „Трудово право “,

т.е. членот 2, членот 4 (ставови 2, 3 и 5), членот 5, членот 6, членот 21, членот 26, членот 28, членот 29, кои ги има прифатено нашата држава со ратификацијата на Повелбата.

Во мај и декември, претставник на РСМ учествуваше на 141-от и 142-от состанок на Владиниот комитет за Европска социјална повелба во Совет на Европа.

До Советот на Европа се доставија ажурираните информации за системите за социјална сигурност (MISSCEO) во Република Северна Македонија со состојба 1 јануари 2021.

Во делот на билатералната соработка, се склучи нов **Меморандум за соработка со Република Австрија**. Во однос на билатералната соработка со Австрија започна спроведувањето на проектите што беа селектирани од австриското Министерство за социјални прашања, здравство, нега и права на потрошувачите во рамки на Повикот за финансирање проекти во земјите од Западен Балкан.

Беа обновени иницијативите за билатерална соработка со повеќе земји, во најголем дел од ЕУ. Се усогласи меморандумот за соработка со Министерството за семејство и социјална политика од Република Полска и договорот за соработка со Република Азрбејџан.

## II Инструмент за претпристапна помош

### Реализирани активности во 2021 година:

ИПА Акциската програма 2017 „**ЕУ поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика**“ е во фаза на имплементација: се спроведуваат сите планирани 18 проекти во надлежност на МТСП. Во следната табела е даден преглед на проектите според начинот на управување и сегашниот статус:

| **Индиректно управување**<br>(договорен орган: Сектор за централно финансирање и склучување договори/Министерство за финансии) | **Директно управување**<br>(договорен орган: Делегација на ЕУ) |
|---|---|

Склучени договори

- Техничка помош за подобрување на квалитетот за претшколско образование;
- Техничка помош за подобрување на условите за работа;
- Грант за активација на ранливите групи на пазарот на трудот;
- Градба и опремување на градинки во Тетово и Теарце;
- Надзор на градба.

Склучени договори

- Техничка помош за подобрување на квалитетот на податоците и јакнење на креирањето на политиките;
- Грант за зајакнување на социјалниот дијалог;
- Два грант проекти за домување и социјално вклучување на Ромите;
- Техничка помош за модернизација и деинституционализација на услугите на социјална заштита;
- Три грант проекти за поддршка на деинституционализацијата во Специјалниот завод во Демир Капија;
- Техничка помош за поддршка на социјалните претпријатија;
- Два грант проекти за социјални претпријатија;
- Договор за опрема за подобрување на податоците во секторите образование, вработување и социјална политика.

Проектите во имплементација се спроведуваа со различна динамика.

Како поважни остварувања во рамки на оваа програма во 2021 може да се издвои следново:

- Под покровителство на Економско-социјалниот совет се спроведуваше кампањата „Мој труд, мои права“.
- Се направи надградба на моделот Хермак со нови сектори на економска активност и се спроведуваат подготовки за користење на моделот.
- Центрите за вработување во соработка со ЦСР изработија планови за активација над 2000 корисници на гарантирана минимална помош. Во мерката „Побарувани занимања“ беа вклучени над 200 корисници на гарантирана минимална помош беа вклучени во активни мерки за вработување, а над 400 користеа психосоцијална поддршка. Се воспостави веб сервиси за електронска размена на податоци за корисниците на гарантирана минимална помош помеѓу центрите за социјална работа и центрите за вработување.
- Се подобрија стандардите за квалификација и компетенција за вработените во предучилишните институции и развој на методологија за професионален развој. Се развија предлози за одржливо финансирање на професионалниот развој во предучилишните институции. Се одржаа 15 онлајн обуки за менторство, наменети за сите категории на профили наменети за вработени во предучилишните институции. Со работилниците се таргетираа над 800 вработени во градинките од сите

профили. Се подготви предлог за најсоодветен модел на систем за кариерен развој, вклучително и методологија, процедури и инструменти за кариерен развој на вработените во предучилишните институции.

- Се спроведоа обуки за стручните лица во центрите за социјална работа, Заводот за социјални дејности, како и за давателите на услуги. Продолжи процесот на преселба на корисниците во СЗ Демир Капија и во април девет лица започнаа да живеат во заедницата со поддршка.
- Се подготвија предлози и препораки за регулирање на родителското отсуство во предлог Законот за работните односи и се подготви пресметка на фискалните импликации.
- Се надгради и збогати текстот на нацрт Стратегијата за поддршка на социјалните претпријатија во РСМ по дополнителниот циклус на консултации со засегнатите страни, која потоа беше усвоена од Владата.

Се подготви вториот годишен извештај за имплементација на Акциската програма 2017 и самооценката на критериумите за воведување на секторскиот пристап.

Во септември 2021 година започна да се спроведува твининг проектот „Зајакнување на правата на работниците во случај на несолвентност на работодавачот", што ќе придонесе кон воспоставување на национален механизам за соодветна заштита на правата од работен однос во случаи на несолвентност на работодавачите во согласност со минималните барања дефинирани во Директивата 2008/94/ЕС.

Во однос на ИПА програмата 2019, за акцијата „**ЕУ за младите**" (Гаранцијата за млади), во мај 2021 беше поднесено барање за исплата на втората транша до Европската Комисија, на што претходеше подготовка на извештај за самопроценка, вклучително и извештај за спроведување на Планот за гаранција за млади за 2020, извештајот за ревидираната ЕСРП 2022 и други документи.

Во однос на акцијата „**ЕУ за инклузија**" се доделија четири грантови како дел од грантовата програма „ЕУ за Ромите и лицата кои живеат во длабока сиромаштија" (Call for proposals "EU for Roma and people living in deep poverty"), а во тек се подготовките за поддршка на трансформацијата на Јавната установа за рехабилитација на деца и млади "Топанско Поле" во Скопје и воспоставување на не-резинденцијални социјални услуги во заедницата.

По однос на програмата **„Поддршка на ЕУ за социјална и економска отпорност" (EU4Resiliance)** која предвидуваше поддршка на активните мерки за пазарот на труд во висина од 10 мил. евра за одржливо и правично закрепнување во периодот по короната, беа исплатени вкупните средства по барањето и извештаите поднесени во февруари 2021 за исполнетоста на поставените таргети. По однос на оваа програма **беа одобрени над 5 мил. евра на Агенцијата за вработување со ребалансот на Буџетот за 2021, што беше проследено со измени на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување**.

Продолжи програмирањето на претпристапната помош за програмскиот период 2021-2027 (ИПА III). Се финализираше **Стратешкиот одговор (Strategic Response) 2021-2027** во кој се содржани стратешките приоритети на земјата за кои се очекува финансиска поддршка од ЕУ преку ИПА III. МТСП заедно со МОН и Министерството за здравство е вклучено во т.н. Прозорец 4 Конкурентност и инклузивен раст (Window 4 Competitiveness and Inclusive Growth). Предвидено е финансирање на два приоритета: 1) Да се зголеми нивото на вработување и квалитетот на работни места и продуктивноста и 2) Да се намали сиромаштијата и социјалната исклученост. Исто така, се подготви Акцискиот документ „ЕУ за подобро здравство, социјална заштита и еднакви можности" за финансирање во рамки на програмската година 2022 на следните три проекти: 1) Зајакнување на безбедноста и здравјето при работа, 2) Унапредување на родовата еднаквост и 3) Воспоставување на систем за следење и обезбедување квалитет на социјалните услуги. Овој акциски документ се усвои од страна на Владата на РСМ на 119-та седница одржана на 16.11.2021 и потоа, беше проследен до службите на ЕК. Започнаа и преговорите за програмирање на средствата од програмската 2023-2024, особено за поддршка на Гаранцијата за млади.

Во 2021 се одржаа две пленарни сесии на **Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика"** (на 25 мај и 30 јуни 2021). На состаноците се дискутираше за извештајот за самооцена по програмата ЕУ за младите и за ИПА III.

### 1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и
- Развој на информатичката технологија.

**I. Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти**

**Реализирани активности во 2021 година – објекти за детска заштита**

Набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Гази Баба ( ), Општина Берово( ) и Општина Босилово , Општина Делчево ( 20 деца), Општина Кавадарци( 155 деца), Општина Неготино (161 деца );

**Реализирани активности во 2021 година – објекти за социјална заштита**

- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца "– Битола

- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца “– Битола, Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца “– Битола, Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци “– Скопје , ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки“ – Берово, за сензорна соба во Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Пробиштип и Центар за деца и прифатен центар за деца минувачи при Ј.У за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение-Општина Бутел.
- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца “– Битола и Центар за деца и прифатен центар за деца минувачи при Ј.У за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение-Општина Бутел.
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Берово, Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Пробиштип, Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци “– Скопје.

**Реализирани дел од активности во 2021 година – објекти од детска заштита**

- Изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Сопиште ( капацитет 57 деца) и во Општина Василево ( капацитет 55 деца) – градежни работи се во тек;
- Изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Струмица (53 деца) – градежните работи се во тек (доградба), и Општина Ѓорче Петров, капацитет 45 деца-завршени сите градежни работи, се чека барање за пуштање во употреба;
- Изведување на градежни работи за изградба на објекти на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Кочани ( 115 деца) –градежните работи во тек; Општина Струмица, капацитет 300 деца - градежни работи се во тек; Општина Ѓорче Петров (Волково), капацитет 175 деца – градежни работи се завршени, се чека финализирање на втора фаза од страна на општината; Општина Кисела Вода-Драчево (106 деца) - грдежни работи се во тек;, Општина Валандово- с. Јосифово (57 деца) – градежни активности во тек, Општина Битола (149 деца) – градежни активности во тек, Општина Арачиново (102 деца) – градежни активности во тек, Општина Липково (102 деца) – градежни активности се во тек, Општина Карпош 3 (100 деца) – градежните активности се во тек, Општина Гостивар ( 100 деца) – отпочната тендерска постапка, Општина Чаир (350 деца) – во тек градежни работи; Општина Битола (200 деца) – се чека да заврши градежен дел фаза 1; Општина Могила ( 36 деца)- се комплетира документација, Општина Св. Николе, с. Ерџелија, (70 деца) –

градежни работи во тек, Општина Тетово (250 деца)- градежни работи во тек, Општина Теарце (250 деца) – градежни работи во тек.

- Изведување на  градежни работи за надградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Крива Паланка (100 деца) – градежни работи во тек.
- Изведување на градежни работи за проширување на посотечи простор на детска градинка и испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Росоман ( 40 деца )- градежните работи се во тек,
- Изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Гевгелија (135 деца) и Општина Дебар (75 деца) - се комплетира документација,

**Реализирани дел од  активности во 2021 година – објекти од социјална заштита**

- Изведување на градежни работи за адаптација и пренамена на Дом за стари лица во Општина Пробиштип – градежните работи се прекинати поради недоставена дополна на проектна документација согласно фактичката состојба на терен.
- Изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на Дневен центар за лица со телесна или моментална попреченост во Општина Чашка (12 деца) – градежните работи се во тек,
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со телесна или моментална попреченост во Општина Чашка – се чека да се заврши градежен дел; Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост – сензорна соба во Виница – повторно спроведување на тендерска постапка; Дневни центри за:  лица со телесна или интелектуална попреченост, за деца со аутизам и мал групен дом за деца без родители и родителска грижа – Штип – отпочнати постапка;
- Изградба на нов Дневен центар за деца со ментална и телесна попреченост во Општина Боговиње – отпочната постапка и Дом за стари лица во Кочани – комплетирање на документација.

**II. Развој на информатичката технологија**

**Реализирани активности во   2021 година:**

- Набавено одржување на апликацијата ЛИРИКУС;
- Набавено одржување на апликативен софтвер за електронско посвојување;

- Склучен договор за одржување на софтверот во Управата за прашања на борците и воените инвалиди;
- Склучен договор за одржување на апликацијата за евиденција и контрола на работното време;
- Склучен договор за одржување на софтверот за педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој и
- Склучен договор за услуги за сервисирање и одржување на хардверска опрема во Министерството за труд и социјална политика.

### 1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2020 ГОДИНА

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

**Реализирани активности во 2021 година:**

Реализацијата на Буџетот се одвива со предвидена динамика на заостанатите и преземени обврски од 2020 година, редовни исплати на надоместоците според програми и потпрограми, врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на МТСП за прва и втора буџетска линија.

Реализацијата се одвиваваше со предвидена динамика на преземени обврски за 2021 година и тоа:

Исплата на права од социјална заштита; Гарантирана минимална помош ГМП; Надоместок заради попреченост; Траен надоместок; Социјална парична помош; Паричен надоместок за помош и нега од друго лице; Постојана парична помош; Еднократна парична помош и помош во натура; Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот; Додаток за мобилност и слепило; Додаток за глувост; Сместување во загрижувачко семејство; Право на здравствена заштита; Цивилна инвалиднина; Парична помош за социјално домување; СПП Азиланти; Азиланти домување; Парична помош за згрижувач; Парична помош за студирање; Парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа; Субвенции за електрична енергија; Исплата на права од заштита на децата; Детски додаток; Посебен додаток; ЕПП за новороденче; Родителски додаток за дете; Додаток за образование; Партиципација; Исплати чија основаност е во соодветни програми со одредена намена; Трансферите кон ПИОМ и АВРМ; Трансферите за Фондот за здравство; Поврат на придонесите од плати за заштитните организации кои имаат вработено инвалидни лица; Исплата на средства по основ на закон од областа на законот за боречко инвалидска заштита; За проектот енергетска сиромаштија; Проект за Банско - климатска рекреација за пензионери; Бесплатен туристички викенд за пензионери; Бесплатно зимување и летување на деца од социјален ризик; Плати и надоместоци за вработените; Плати и надоместоци за ЈУ МЦСР-ти и Јавни установи, Блок дотации за старски домови (плата и

материјални трошоци); Плата за детски градинки и материјални трошоци за детските градинки; Материјални трошоци, тековно инвестиционо одржување и други исплати предвидени со Буџетот и буџетските планови; Исплата на комисии; Исплата на проекти; Подготовка на налози за исплата на права за домување и сместување на внатрешно раселени лица; Финансирање на годишни активности на Црвен Крст; Финансирање на годишни програмски активности на Национален совет на инвалидски организации на Македонија, ,националните инвалидски организации и Национално координативно тело за еднакви права на лица со инвалидност од приходите од игри на среќа и од забавни игри; Исплата на Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА-НЕГОТИНО, Финансирање на Проект на здружение на граѓани за заштита на жртви на семејно насилство; Проект Центар за интеграција на бегалци и странци ,финансиран од УНХЦР; Исплата на здравствена заштита за корисници од социјална заштита и за корисници со статус на бегалци; Исплата на паричен надомест за финансиска помош (за корисници на минимална плата) ; Поврат на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Пренасочување на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Исплата на помирувачи (арбитри) во врска со мирно решавање на работни спорови; Денарска, девизна и бензински бонови за ПРОЕКТИТЕ на МТСП.

Управување со човечки ресурси

Реализирани активности во 2021 година:

Во текот на 2021 година се реализираа врз основа на објавување на јавен оглас преку Агенцијата за администрација вработувања на 12 (дванаесет) извршители на неопределено време согласно Законот за административните службеници и тоа 6 вработувања се реализираа во јануари 2021 година, а останатите 6 вработувања се реализираа во месец декември 2021 година.

Во првиот квартал на 2021 година согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ( “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр. 14/2020 година), 9 административни службеници од нивото Г кои до влегување во сила на законот имаа завршено високо образование и ги исполнуваат посебните услови од членот 25 став 2 од истиот закон, по поднесено барање се распоредија на работни места со ниво В04 – Помлад соработник.

Согласно член 8 од истиот закон на 3 извршители административни службеници од категорија Г им се обезбеди вреднување на соодветниот степем на образование во основната компонента на плата – дел на плата за степен на образование.

Во првата половина од 2021 година во Секторот се спроведуваа сите тековни активности околку издавањето на согласности на актите за систематизација на установите за социјална и детска заштита ( како и укажување на правна помош при изготвување на актите за систематизција и внатрешна организација), позитивни мислења на Годишните планови за вработување за 2021/2022

година, на единките корисници на средствата од буџетот на МТСП, проследување на барањата за вработување/унапредување/ распоредување согласно член 9 од ЗАС, за установите од социјална и детска заштита.

Во текот на 2021 година во МТСП се спроведе постапка на унапредување со објавување на интерен оглас на 21 административен службеник и тоа следните; во месец јули 2021 година беа унапредени 18, а во месец декември 2021 година три.

Врз основа на претходно обезбедена согласност за трајно преземање од Министерстовто за информатичко општество и администрација и Министерстовто за финансии согласно член 44 од Законот за вработени во јавен сектор 5 лица, со спогодба трајно се преземени од други институции и распоредени на работни места на соодветно ниво во МТСП, а 4 административни службеници од МТСП се преземени во други инситуции и органи на управа.

Согласно законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програмата во Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците 5 админстративни службеници беа преземени од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во МТСП.

## Внатрешна ревизија

### Реализирани активности во 2021 година:

-Извршената ревизија на имплементација на препораките дадени во Конечен ревизорски извештај за материјално-финансиското работење за 2018 година во Јавната Установа Детски дом „11 Октомври"- Скопје.

-Ревизија на системот за внатрешна контрола за 2020 година во ЈУ МЦСР Тетово. Извршена е ревизијата и дадени се препораки во Конечен извештај

-Ревизија на системот за внатрешна контрола за 2020 година во ЈУ МЦСР Охрид- реализирана ревизија во постапка за конечен извештај

-Ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за II компонента во тек е ревијата.

## Правни, општи и заеднички работи

**Реализирани активности во 2021 година:**

Изготвени се одлуки, решенија, договори, спогодби, посебни договори по член 252 од ЗРО, решенија за отпремнина, слободни денови по основ на закон и колективен договор, наредби за вработени, решенија за именување директори на ЈУМЦСР и Установи од областа на социјалната заштита во РМ, овластувања и други акти кои произлегуваат од секојдневната работа, одговори на тужби, жалби и други правни поднесоци од трети лица и вработени, одговори на платни налози по барање на Државното правобранителство на РМ, тужби во кои МТСП е страна во спорот и жалби до државната комисија, кривични предмети по барање на ОЈО, иницијативи и преставки од ОЈО, Народен правобранител, Хелсеншки комитет и други институции.

Изработени се одлуки за давање на трајно и времено користење на движни и недвижни ствари, сопственост на РСМ, со корисничко право или на МТСП или на други институции, согласно закон. Дадени се правни мислења по побарани мислења од страна на Влада на РСМ.

Изработка на тековни документи и предмети поврзани со правни работи во секторот (барања, потврди, известувања, претставки и одгвоори на претставки и сл.)

Изготвени се: План за архивски знаци за распоредување на актите, листа на архивска граѓа од трајна вредност, листа на документиран материјал со рокови на негово чување, овластувања за ракување и работа со печати и штенбили согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење, како и овластувања за отворање на пошта.

Изготвен е полугодишен Извештај за Преставки и предлози до МИОА за период од 01.01-30.06.2021 година.

| 1.12.1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА – ПАЗАР НА ТРУДОТ |
|---|
| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
| • Образложение на Програмата: ПАЗАР НА ТРУДОТ произлегува од стратешките приоритети од Одлуката на Владата на Република Македонија во 2022 година:<br>• Обезбедување забрзан и оддржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните и<br>• Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот<br>Како и приоритетните цели од оваа одлука:<br>• Задржување на финансиска и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста, на економијата и на вработеноста;<br>• Предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем, намалување на сивата економија , поттикнување на приватната |

| |
|---|
| иницијатива и инвестициите;<br>• Реформи во јавните финансии преку подобрување на фискалната рамка , зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на платата на приходите, подобрување на системот за јавни набавки и зајакнување на внатрешна и надворешна контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетност во работењето;<br>• Отварање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата;<br>• Поттикнување и поддршка на активните политики за вработување , отварање на работни места за граѓаните кои потешко се вработуваат на пазарот на трудот;<br>• Унапфредување на правата на работниците и безбедноста на работните места, согласно со меѓународните стандарди;<br>• Намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност;<br>• Промовирање на вработувањето, социјаната вклученост и развојот на руралните средини со поттикнување на младите земјоделци и олеснување на земјоделските и неземјоделските бизниси и<br>• Обезбедување на сеопфатна поддршка за граѓаните и деловните субјекти за надминување на последиците од Корона кризата |
| 2. НПАА:<br>Поглавје 3.02 Слободно движење на работници;<br>- Потпоглавје: 3.02.1 - Пристап до пазарот на трудот (општи принципи)<br>- Потпоглавје: 3.02.2 - ЕУРЕС<br>Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување<br>- Потпоглавје 3.19.1 - Трудово право<br>- Потпоглавје 3.19.2 - Здравје и безбедност при работа<br>- Потпоглавје 3.19.3 - Социјален дијалог<br>- Потпоглавје 3.19.4 - Политики за вработување и Европскиот социјален фонд |
| 3. Стратешки приоритети на органот на државната управа (МТСП):<br>Поттикнување на вработувањето преку создавање на пристојни работни места, креирање на политики согласно европските практики и развој на социјален дијалог и заштита на работничките права.<br><br>3.1. Цели на органот на државната управа (МТСП):<br>• Зголемување на стапката на вработеност и намалување на невработеноста;<br>• Подобрување на правата на работниците преку усогласено трудово законодавство согласно ЕУ директивите и конвенциите на МОТ<br>• Активација на ранливи групи на пазарот на трудот;<br>• Намалување на неформалната економија; |

| | |
|---|---|
| • Унапредување на систем за безбедност и здравје при работа и заштита на правата на работниците, како и зголемување на капацитетите за нивна имплементација и<br>• Јакнење на социјалниот дијалог на сите нивоа како важен механизам за поттикнување на вработувањето и социјалниот развој. | |
| Назив на Програмата:<br>ПАЗАР НА ТРУДОТ | Цел на Програмата:<br>Подобрување на состојбите на пазарот на трудот и работничките права, како и потикнување на вработувањето. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>• Имплементација  стратешки и оперативни документи (Стратегија и АП за вработување - за период по 2022-2027 година)<br>• Позитивни промени во најзначајните индикатори на пазарот на труд (стапка на вработеност/невработеност),<br>• Намалена невработеност помеѓу младите лица (15-29 години) -  2022: 29.4%,  2023: 28.3% и  2024: 25% ,<br>• Намалување на бројот (учеството) на неформално вработените лица во вкупниот број на вработени -   2022: 13.5%,  2023: 13.3% и 2024: 13.0% . | |
| Програмата е: **Х хоризонтална** вертикална | |
| Назив на Потпрограмата:<br>ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | **Цел на Потпрограмата:**<br>Подобрување на условите за пристап до пазарот на трудот на долгорочно невработените лица, тешко вработливи лица, млади невработените лица, жени и побрзо  вклучување на пазарот на трудот на лицата кои ги изгубиле работните места поради Пандемијата КОВИД 19, како и потикнување на неформалните вработени лица. |

| | |
|---|---|
| Показатели за успех на Потпрограмата:<br>- Имплементација на стратешки и оперативни  документи;<br>- Зголемена стапка на вработеност;<br>- Опфат со Гаранција за млади и<br>- Намалување на бројот (учеството) на неформално вработени лица | |
| Програмата е: **Х хоризонтална** вертикална | |
| Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата : Подобрување на состојбите на пазарот на трудот ( зголемена стапка на вработеност, намалена стапка на невработеност и намалување на неформалните вработувања). | |
| Резултат 1: | **Показател за успешност:** |

| | |
|---|---|
| Подобрени состојби на пазарот на труд, преку зголемување на вработеноста, намалување на невработеноста, зголемена активација и вработливост на ранливите категории на население | Имплементација нова Национална стратегија за вработување 2021-2027 година со Акциски план за период 2021-2023 година;<br>Имплементација на Акцискиот план за формализација на неформалната економија 2021 -2022<br>Подготвени годишни Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд (секоја година);<br>Опфат на по околу 12,000 лица на годишно ниво со активни програми и мерки за вработување (невработени, жртви на семејно насилство, деца без родители и родителска грижа, самохрани родители, бездомни лица, Роми, лица со инвалидност, родители на деца со инвалидитет, корисници на гарантирана минимална помош, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, осудени лица - по отпуштање од казнено поправна установа и др.).; |
| Резултат 2:<br>Подобрена состојба на младите на пазарот на труд | Показател за успешност:<br>• Опфат на 10,000 млади лица од целата држава на годишно ниво, вклучени во „Гаранцијата за млади“;<br>• Стапка на успешен „излез“ од Гаранцијата за млади од 30%, (% од младите вклучени во ГМ, кои во период од четири месеци по вклучувањето во Програмата имале успешен излез, т.е. или се вработиле или се вклучиле во одредена обука или друга активна мерка)<br>• Развиени нови занимања во рамки на „Прегледот на занимања“ (Occupational outlook) и надградба и ажурирање на web-страната со нови податоци и информации, во согласност со Работниот план за преглед на занимања 2018-2021 (вкупно 75 занимања до крај на 2021 год. и 15 нови на годишно ниво) |
| Резултат 3: | Показател за успешност: |

| | |
|---|---|
| Намалена неформална економија и неформална вработеност | • Имплементација на Акциски план за формализација на неформалната економија, за период 2021-2022 година;<br>• Подготвена методологија за статистичо мерење на непријавени вработени;<br>• Спроведени промотивни активности (кампања) за справување со појавата на непријавена работа |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

Резултат 1: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | (месец/година) крај | (месец/година) човечки финансиски | МКД ( во 000) |
| 1. Имплементација на Стратегија за вработување 2021-2027 година, со Акциски план, за период 2021-2023 година<br>-вработување на мажи (20-64) - ( 2022: 71.3% , 2023: 72.6% и 2024:73.9%);<br>-вработување на жени (20-64) - ( 2022: 52.0% , 2023: 53.5% и 2024:55.1%);<br>-Намалена стапка на долгорочна невработеност (15+) - ( 2022: 10.0% , 2023: 8.9% 2024:8.0% | МТСП | МФ, МЕ, ДИТ, МО, АВРСМ, социјални партнери и др. | 1/2022 | 12/2024 | 5 | Буџет на МТСП - околу 329.173 ден во 2022 и 20.573 ден во 2023 год (вкупно 349.746ден) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
